УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ И АРХЕОЛОГИЈА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

# ОПРЕМА И ВООРУЖУВАЊЕ ВО ПРЕТСТАВИТЕ НА СВЕТИТЕ ВОИНИ ВО ФРЕСКОЖИВОПИСОТ ВО ЦРКВИТЕ ОД ОХРИДСКО-СТРУШКИОТ РЕГИОН ОД XIII ДО XV ВЕК

Менторка:
Проф. д-р Ирена Теодора Весевска

Кандидат:
Христијан Петровски

Скопје, 2024

# СОДРЖИНА

**Вовед** ....................................................................................................................................4

**II. Воено-историски и црковни прилики** ..............................................................................8

**II.1 Воено-историски прилики** ..........................................................................................8

**II.2 Црковни прилики**.........................................................................................................13

**III. Преглед на споменици**...................................................................................................19

**III.1 „Св. Богородица Перивлепта“** ..................................................................................19

**III.2 Црква „Св. Архангел Михаил“ – Радожда**..............................................................23

**III.3 Црква „Св. Никола Болнички“**..................................................................................24

**III.4 Црква „Св. Димитриј“**................................................................................................26

**III.5 Црква „Св. Атанасиј“ – Калишта**...............................................................................27

**III.6 Црква „Св. Никола“ – Косел** ......................................................................................28

**III.7 Црква „Успение на Пресвета Богородица“ – Велестово** ......................................29

**III.8 Црква „Сисвети“ – Лешани**.........................................................................................31

**III.9 Црква „Вознесение Христово“ – Лескоец**.................................................................32

**IV. Преглед на воената опрема во претставите на светите воини на** ..............................35

**монументалното ѕидно сликарство** ......................................................................................35

**IV.1 Одбранбено оружје**.........................................................................................................35

**IV.1.1 Оклоп за тело (кат. бр. 1 – 41)** ......................................................................................35

**IV.1.1.1 Мускуларен панцир (кат. бр. 1 – 5)** ..........................................................................36

**IV.1.1.2 Крлушест оклоп (кат. бр. 6 – 10)**..............................................................................37

**IV.1.1.3 Ламеларен оклоп (кат. бр. 11 – 28)**...........................................................................38

**IV.1.1.4 Панцирни кошули (кат. бр. 29 – 30)**..........................................................................39

**IV.1.1.5 Меки оклопи (кат. бр. 31 – 37)** ..................................................................................40

**IV.1.1.7 Околувратници**...............................................................................................................43

**IV.1.2 Оклоп за долниот дел од телото**................................................................................43

**IV.1.2.1 Птериги** ..........................................................................................................................43

**IV.1.2.2 Заштита за нозете (кат. бр. 42)** ...................................................................................44

**IV.1.3 Шлемови (кат. бр. 43 – 45)** ...........................................................................................44

**IV.1.4 Штитови (кат. бр. 46 – 76)**.............................................................................................46

**IV.1.4.1 Тркалезни штитови (кат. бр. 46 – 49)** .......................................................................47

**IV.1.4.2 Бадемовидни штитови (кат. бр. 50 – 64)**...................................................................48

**IV.1.4.3 Триаголни штитови (кат. бр. 65 – 76)** ........ 49
**IV.2 Оружје за напад** ........ 50
**IV.2.1 Мечеви и сабји (кат. бр. 77 – 100)** ........ 50
**IV.2.2 Копја (кат. бр. 101 – 121)** ........ 54
**IV.2.3 Боздогани (кат. бр. 122 – 124)** ........ 55
**IV.2.4 Лакови и стрели (кат. бр. 125 – 134)** ........ 56
**Завршни согледувања**: ........ 60
**Каталог** ........ 62
**Библиографија** ........ 123

## Вовед

Охридско-струшкиот регион се бележел со населеност уште од мугрите на праисторијата, но Охрид, своите почетоци на издигнување до цивилизациско ниво ги доживеал во железното време, додека, пак, Струга доживува засилен подем во антиката, под името Енхалон, делумно и поради својата положба покрај патот Виа Игнација. Охрид, поради континуиран процут низ антиката почнал да претставува културен и духовен центар на околната област, а ова е особено евидентно во доцната антика, односно, во ранохристијанскиот период, кога развитокот на градот додатно ќе се засили. Од овој период во денешен Охрид се откриени остатоци од повеќе објекти, главно базилики. Такви се базиликата на локалитетот „Манчевци“, дебојската базилика, делови од мозаични подови на улиците „Климентска“ и „Илинденска“, како и базилики коишто не му припаѓаат на старото градско јадро како студенчишката базилика и базиликата кај „Св. Еразмо“. При археолошките истражувања се констатирани ранохристијански објекти и под црквите „Св. Софија“, „Св. Никола Геракомија“, „Св. Никола Челнички“, под „Св. Богородица Пандонос“ и др. Се разбира, ранохристијански објекти се граделе и во Струшкиот Регион што е евидентно според базиликите пронајдени во селата Радолишта, Октиси и Ташмаруништа, кои според мозаиците се датирани во периодот од V до VI век. Сепак, и покрај ваквата изразита градителска активност, најеминентен простор во ранохристијанскиот Охрид бил тој на платото на западниот рид на градот наречен „Уч Кале“ (Високо Кале) каде што градењето на сакрални градби ќе бележи континуитет и за време на Османлиската Империја со изградбата на исламски верски објекти, па сè до денешницата со обновата на Светиклиментовиот храм. Станува збор за месноста „Имарет“, односно Плаошник каде што се откриени две базилики, јужната и источната, како и познатата Поликонхална црква. Ваквите црковноградителски традиции во Охрид и Охридско продолжуваат и низ целиот среден век со примери како црквата „Св. Константин и Елена“, која е изградена околу 1400-та година, „Вознесение Христово“ во с. Лескоец од 1462 г., „Успение на Пресвета Богородица“ во с. Велестово, која е живописана во 1444 г. и во 1451 г. и „Св. Никола“ во с. Косел кои се изградени пред засилувањето на османлиската доминација над регионот. Во Струшкиот Регион, пак, од средновековното црковното градителство се издвојуваат пештерните цркви од кои може да се истакнат „Св. Архангел Михаил“ во с. Радожда која првично била изградена и живописана во XIII век и „Св. Атанасиј“ – Калишта, која потекнува од

последната четвртина на XIV век. Неминовно е да се напоменат и двете икони на Св. Ѓорѓи, едната од XIII век, другата од XIV век кои денес се чуваат во истоимената соборна црква во Струга.

Значајниот статус на Охрид како град придонело тој да добие особен фокус во однос на културните и духовните одвивања во речиси целиот среден век. Ова е очевидно, најпрво, со избирањето на градот за центар од кој епигонот на словенските просветители Св. Кирил и Методиј, Св. Климент би го проповедал христијанството и би го образовал и подучувал населението откако бил пратен во областа Кутмичевица, потоа и со преместувањето на престолнината на Самуиловото царство од Преспа во Охрид каде што и останала сѐ до ликвидирањето на царството од страна на Византија. По падот на Самуиловото царство и потпаѓањето на охридско-струшкиот регион под Византија, била оформена Охридската архиепископија која не смеела да функционира автокефално и била ставена под надлежност на Цариградската патријаршија. Првиот охридски архиепископ бил Јован Дебранин кој имал потекло од Дебар, додека, пак, архиепископите коишто непосредно следувале биле Византијци. Еден од овие бил и Св. Теофилакт Охридски од кого се зачувани драгоцени податоци и описи за регионот и населението коешто живеело во него во негово време во облик на писма.

Охрид како град продолжил да е од интерес за византиските великодостојници и владетели како и, во подоцнежните векови, за нивните српски пандани. Заради ваквиот престижен карактер на градот се пројавил особен интерес за во него да се градат голем број заветнини од коишто најстарата била најверојатно токму Свети- климентовата црква на Плаошник, „Св. Пантелејмон“, која играла и фунерарна улога за светителот. Градењето голем број цркви, следствено, подразбирало и непрекинато ангажирање на голем број сликарски школи со зографи кои би ги живописале. Во ваква средина дошле до израз вистински мајстори на својот занает, сликари од калибарот на Јован Теоријан, Михаил Астрапас и Евтихиј кои поради својата дарба редовно биле повикувани од српското владетелско семејство.

Неизоставен дел на живописувањето на една црква претставува и сликањето на долната зона на стоечки светители во чии редови често се среќаваат преставни на Свети Воини кои со своите воени подвизи во полза на христијанството или, пак, со својата истрајност при измачувањата што ги претрпеле поради својата вера, биле канонизирани како светители. Поради својата улога на воини што ја имале во животот, зографите, во рамки на своите сликарски ансамбли, најчесто ги претставуваат во полна воена опрема.

Иако идеализирани, и до одреден степен шематизирани, овие претстави ни даваат исклучително ретка слика на одбранбеното оружје како и на оружјето за напад какво што би го виделе зографите во своето време. Токму темата на овој труд има за цел да даде еден преглед на опремата и вооружувањето во претставите на светите воини во фрескоживописот во црквите од Охридско-струшкиот регион од XIII до XV век, конкретно во црквите: „Св. Богородица Перивлепта“, „Св. Еразмо“, „Св. Никола Болнички“, „Св. Димитриј“, „Св. Никола“– Косел, „Успение на Пресвета Богородица“ – Велестово и „Вознесение Христово“– Лескоец во Охрид и Охридско, „Св. Архангел Михаил“– Радожда и „Св. Атанасиј“ – Калишта во Струшко, како и црквата „Сисвети“ во с. Лешани во Дебарца.

## I. Географска рамка на темата

Црквите коишто се опфатени во овој труд целосно припаѓаат во рамките на охридско-струшката котлина. Таа, како посебни просторни целини, на македонска територија, ги опфаќа охридското поле, струшкото поле, и Дебарца како посебна целина. Котлината е ограничена со Стогово и Караорман на север, Илинска и Плакенска Планина на исток, Галичица на југоисток, и Јабланица и Мокра на запад.

**Карта на опфатените цркви**



# II. Воено-историски и црковни прилики

## II.1 Воено-историски прилики

Во последната четвртина на X век, по успешното востание на комитопулите кое завршило во 976 г. на чело на новонастанатата држава на Балканот стоел единствениот жив од комитопулите, Самуил, а извесно е дека охридско-струшкиот регион ѝ припаѓал на оваа држава од самото нејзино настанување.[1] За преселувањето на Самуиловата престолнина од Преспа во Охрид нема некои директни извори, но сепак има некои малку подоцнежни записи во кои се алудира дека Охрид се сметал за престолнина на царството. Имено, станува збор за пишувањата на Јован Скилица датирани во есента 1015 г. во кои Охрид се споменува како местото каде што се наоѓале „дворците на царевите на Бугарија“. Подоцна, во 1018 г. истиот Скилица го повторува претходноспоменатиот факт и дополнително го засилува со тоа што Охрид го нарекува „метропола на цела Бугарија“. Дополнително околу датацијата на преместувањето на престолнината како најиндикативен пишан доказ за толкување е „Каталогот на бугарските архиепископи“, или т.н. Диканжов список датиран во XII век. Во него се споменува архиепископот Филип како прв кој престојувал во Охрид. Според ова, доаѓањето на Филип се одредува најрано во последните години на X век со што и самата преселба на престолнината датира од тој период. По смртта на Самуил, Охрид важел како престолнина и за неговите наследници, Гаврил Радомир и подоцна, Јован Владислав сè до потпаѓање под византиска власт во 1018 г.[2]

По неговото заземањето на Охрид, градот бил жртва на поствоената политика на победоносниот византиски император Василиј II, односно бил разрушен поради стравот дека ако бил поштеден, ќе станел жариште на побуна. По ваквата постапка, градот бил именуван за седиште на охридската тема во која влегувала цела охридска област.[3] Долгогодишното економско угнетување што настапило по византиското ликвидирање на Самуиловата држава довело до измена во даночните политики на Византија, од што, пак, произлегло големо незадоволство меѓу погодените народи, а кулминирало со востанието на Петар Делјан во 1040 г. Поради верувањето дека тој бил син на Гаврил Радомир од неговата прва жена, унгарска принцеза, тој бил прогласен за цар на Бугарија и се упатил на маршрута од околината на Белград, преку Ниш, накај Скопје, од каде што

[1] Филипоски, 2009, 176
[2] Ibid, 184-185
[3] Панов, 1983, 73-74

планирал да продолжи накај Солун преку Дебар, Охрид, Битола и Лерин.[4] Неприкосновената заповед врз војската која го следела, според сведоштвата на Скилица, Делјан ја презел дури по заземањето на тврдината Василида која се наоѓала во близината на Охрид, кој како град пред тоа сè уште бил под власт на Византија.[5] Во 1041 година, со измама Делјан бил ослепен што доста го отежнало водењето на востанието и следствено, довело до неговото задушување во истата година од страна на византискиот император Михаил IV.

Наредно значајно споменување на Охрид во изворите е за време на востанието на Ѓорѓи Војтех коешто почнало во 1072 г. каде што Скилица пишува дека Петрило го освоил градот на јуриш бидејќи неговите утврдувања сè уште не биле обновени од времето на разурнувањето на Василиј II поради стравот од бунт.[6] Ова востание не било успешно и во 1073 г. било задушено, при што на Алеманите и на Франките, кои имале удел во задушувањето на востанието, им било дозволено да се одмаздат врз населението на териториите опфатени со востанието.[7]

Во 1081 г. со доаѓањето на власт на византискиот император Алексиј I Комнен, византиската власт почнала да се стабилизира, но уште во истата година на почетокот на своето владеење морал да се справува со тешката задача на одбивање на продорите на Норманите на Балканот. Тие во февруари 1082 г. на чело со Роберт Гвискард го освоиле Драч што им овозможило да влезат во Македонија преку Виа Егнација.[8] Синот на Роерт Гвискард, Боемунд, во мај 1083 г. кај Јанина го поразил Алексиј I при што, византискиот император побегнал преку Струга (Στρουγῶν) во Охрид, а потоа заминал кон Вардар.[9] Пред да замине, заштитата на градот, тврдината и на населението, во кое се вбројувале и Турците кои живееле околу градот кои биле населени како воени колонисти, му го доверил на Ариев. Боемунд го повикале жителите на Охрид за да го освои градот, односно, да ги ослободи од византиска власт.[10]Норманите успеале да воспостават контрола врз повеќе градови во Македонија, но во 1085 г. по смртта на Роберт Гвискард тие се повлекуваат од Балканскиот Полуостров, па со византиска

[4] Панов, 1983, 82-83
[5] Филипоски, 2009, 244-248
[6] Ibid, 253-256
[7] Панов, 1983, 87-88
[8] Ibid, 89
[9] Ibid
[10] Ibid, 89-90

контраофанзива претходно изгубените територии повторно биле вратени во рамките на Византиското Царство.[11]

Владеењето на Алексиј I главно се поклопува со времето кога Теофилакт Охридски бил на чело на Охридската Архиепископија меѓу 1084 г. и 1107 г. Од пишувањата на Теофилкат дознаваме бројни податоци за Охрид во времето на подоцнежните норманските продори во 1107 г. и 1108 г. на чело со Боемунд Тарентски, фактот за можниот помин на крстоносци низ градот во текот на првата крстоносна војна (1096-1099), како и бројни описи на градот, на неговото стопанство, неговите градби и на неговите жители.[12] Во 80-те години на XII век дошло до уште еден нормански продор, овој пат од страна на Сицилијанските Нормани на чело со Вилхелм II. Тие се движеле долж Виа Игнација освојувајќи го и вториот по значење византиски град, Солун. Поради оваа патека на движење охридско-струшкиот регион секако бил точка на интерес на Норманите, а особено Охрид, со кој биле запознаени со него поради проучувањата на арапскиот географ Идризи кој во своето дело „Географија“ од 1154 г. дава доста значаен опис на градот. Овој продор доведува до подемот на првиот византиски владетел од династијата на Ангелите, Исак II Ангел кој во првата година на своето владеење, 1185 г. става крај на норманската офанзива.[13]

На 13ти април 1204 г. крстоносците од четвртиот крстоносен поход го опсаднале Константинопол и го ликвидирале Византиското Царство. Веднаш по ова, охридско-струшкиот регион бил приклучен кон новосоздаденото Солунско-латинско кралство на Бонифацие Монфератски, но ова не траело долго затоа што по битката кај Одрин на 14. април 1205 г., со целата оваа област почнал да владее бугарскиот цар Калојан.[14] Ова траело до неговата смрт во 1207 г. кога со српска помош, регионот влегол во рамките на владението на Стрез, а по неговото убиство му припаднал на Епир на чело со Теодор Комнен. Тој, непосредно по отпочнувањето на своите империјалистички амбиции, од Латините ја одзел Тесалија, а по распаѓањето на стрезовото кнежевство ги добил Охрид, Прилеп и Скопје.[15] Во 1223 г. Теодор Комнен ставил крај на латинската власт во Македонија со заземањето на Солун. По ова, тој посакал да биде крунисан за цар што и му било удоволено и крунисувањето било извршено во 1224 г. од страна на Охридскиот

[11] Панов, 1983, 90
[12] Филипоски, 2009, 281-295; 299-301
[13] Панов, 1983, 107-109
[14] Idem, 1984, 19-20
[15] Снѣгаровъ, 1924, 100-101

архиепископ Димитар Хоматијан во Охрид.[16] Охридско-струшкиот регион во рацете на Епир останал сè до битката кај Клокотница во 1230 г. по која, заедно со остатокот на Македонија, освен Солун, бил припоен кон бугарското царство на Иван Асен II.[17] По битката кај Клокотница и бугарското освојување на Охрид, за деспот на Теодоровите владенија бил поставен неговиот брат Мануил.[18] По смртта на бугарскиот цар Калиман, син на Иван Асен II, Македонија била поделена меѓу Никејското Царство на чело со Јован Ватац, епирскиот деспот Михаил II, кој го освоил и Охрид, и, сега солунски деспот, Теодор Комнен.[19] Во 1252 г. Никејското Царство ги освоил од Епир, Западна Македонија заземајќи го охридско-струшкиот регион и Албанија.[20] Областа останала во Никејското Царство сè до 1254 г. кога по смртта на никејскиот цар, Јован Ватац, регионот бил освоен од Бугарското Царство.[21] Но, ни тоа не траело долго затоа што изгубените територии биле вратени во рамки на Никејското Царство од страна на новиот цар Теодор II.[22] Во 1261 г. по успешното освојување на Константинопол, никејскиот император Михаил VIII Палеолог го обновил Византиското Царство и кон него го присоединил поголемиот дел на Македонија.[23]

Набрзо по своето возобновување, Византија морала да се справува со освојувачките амбиции на српскиот владетел Милутин кој во 1283 г. веќе бил продрен длабоко во македонската територија и вршел грабежи и опустошувања на областите околу реката Струма сè до Кавала.[24] На овие напади бил ставен крај со мировниот договор помеѓу византискиот император Андроник II и кралот Милутин со кој се склучил династички брак помеѓу Милутин и шестгодишната византиска принцеза Симонида. Со склучување на овој мир повеќето од новоосвоените територии му биле дадени на Милутин како мираз, така што византиско-српската граница се протегала на север од градовите Струмица, Просек, Прилеп и Охрид.[25]

Во 1334 г. Милутиновиот наследник, неговиот ревносен син Душан, користејќи го – во своја полза – немирот во Византија настанат поради граѓанска војна, владенијата

[16] Снѣгаровъ, 1924, 111
[17] Панов, 1984, 21-27
[18] Снѣгаровъ, 1924, 143
[19] Ibid, 153
[20] Ibid
[21] Ibid
[22] Ibid
[23] Панов, 1984, 30
[24] Ibid, 33
[25] Ibid; Благојевиħ, 1989, 109

на своето кралство ги проширил на југ освојувајќи ги, меѓу останатото, и градовите Струмица, Прилеп и Охрид кои со Мировниот договор на 26. август истата година, склучен помеѓу него и византискиот император Андроник III Палеолог, му биле и признаени. Сè уште е нејасно кога точно бил заземен Охрид, но извесно е дека бил освоен заедно со Преспа и Лерин кога Душан му издал хрисовула на трескавечкиот манастир.[26] Поради искажаната помош за освојувањето на Охрид, Душан, за да управува во негово име, како наместник на градот го назначил Никифор Исак.[27] Во првата половина на 50-те години на XIV век управител на Охрид е Бранко Младеновиќ[28] кој го задржал градот и по смртта на Душан во 1355 г. кога Охрид се отцепил од Српското Царство и станал самостојна феудална држава чии управители, по прогласувањето на Волкашин за крал во 1365 г. ја признаваат неговата власт и управуваат како вазали.[29]

По смртта на Волкашин во битката кај Марица во 1371 г. на чело на кралството доаѓа неговиот син Марко, а жупан на Охрид во тоа време, сè до 1379 г. е Андреја Гропа кој при крајот на својот живот ја отфрлил власта на Марко и почнал дури да кова свои монети.[30] Во 80-те години на векот веќе почува османлиското освојување на Македонија, а Охрид и Струга најверојатно се освоени помеѓу 1385 г. и 1392 г. По смртта на Марко во 1395 г., биле ликвидирани постоечките феудални држави, најверојатно вклучувајќи ја и охридската и целиот охридско-струшки регион потпаднал под директна османлиска власт.[31] Охридско-струшкиот регион доживува турбиленции кон средината на XV век кога, во 1443 г. Ѓерѓ Кастриот-Скендербег ги ослободил Дебар и струшката област.[32] Потоа, во 1451 г. повторно извојувал победа во Струшко[33], и на 14-ти и 15-ти септември 1464 г., ги поразил силите на султанот Мехмед II во битката кај Охрид. Но, црквоградителството не замрело што се гледа и според некои од црквите за кои се зборува во овој труд. Додатно, обрнувајќи внимание на ктиторските претстави во црквите од овој период гледаме и задржување и развиток на облиците на облека и

[26] Снѣгаровъ, 1924, 316
[27] Панов, 1984, 36-37
[28] Михаљић, 1989, 254
[29] Панов, 1984, 42-45
[30] Ibid, 45-47
[31] Ibid, 48
[32] Петровски, 2010, 194
[33] Ibid, 198

накит кои биле во употреба кај христијаните од повисоки сталежи пред тие да бидат видоизменети и изгубени поради османлиските влијанија во претстојните години.

## II.2 Црковни прилики

Црковните прилики во Охридско-струшкиот регион во временската рамка од XIII до XV век се директно условувани од положбата на Охридската Архиепископија и влијанијата под кои таа е подложена од страна на тековната политичка клима во дадениот историски миг. Предок на Охридската архиепископија е Охридската епископија, под надлежност на Драчката митрополија, за која има индиции дека постоела поради споменувањето на извесен епископ Гаврил Охридски во документ за учесници на црковен собор во Константинопол во 879 г.[34]

Со основањето на својата држава, царот Самуил во 976 г. создал и самостојна црква чиешто седиште првично било во Преспа, а кон крајот на X век било префрлено во Охрид.[35] Ова го потврдува и втората хрисовула на византискиот император Василиј II.[36] За архиепископ Самуил го избрал Филип, кој бил наследен од Давид кој бил последниот архиепископ пред освојувањето на Василиј II. Според Снегаров, Охридската архиепископија пред 995 г. броела 23 епархии: Преспанската (која ја опфаќала и охридската област), Деволска, Главеничка, Пелагониска, Мородвиска, Мегленска, Струмичка, Берска,Ларишка, Навпатска, Дирахијска, Скопска, Липљанска, Призренска, Рашка, Сремска, Белградска, Браничевска, Видинска, Средечка, Нишка, Велбуждска и Преславска, додека, пак, во моментот на пропаѓање на Самуиловото царство таа броела 15: Охридска (која ја опфаќала и Преспа), Главеничка, Деволска, Мегленска, Пелагониска, Струмичка, Мородвиска, Велбуждска, Средечка, Рашка, Нишка, Браничевска, Белградска, Призренска и Липљанска.[37]

Василиј II не ја укинал Охридската архиепископија, туку само го тргнал од власт Давид и за архиепископ го поставил Јован Дебарски.[38] Архиепископите по Јован се од византиско потекло со тоа што тој бил наследен од тогашниот хартофилакт на Константинополската црква „Св. Софија“, Лав I, во 1037 г. За време на својот престој

[34] Филипоски, 2011, 258-259
[35] Белчовски, 1997, 75-77
[36] Снѣгаровъ, 1924, 14; 57
[37] Ibid, 25-26
[38] Антољак, 1970, 42-45

на архиепископскиот престол, тој ја доградува или ја изградува црквата „Св. Софија“, која најверојатно било предвидено да биде катедрална црква на Самуиловото Царство, а пак била изградена врз темелите на ранохристијанска базилика од V-VI век.[39] Архиепископијата била признаена како автокефална, но морала да ја спроведува политиката на византиската централна власт.[40] Како што беше напоменато погоре, издигнувањето на комненската династија со Ангел I Комнен во голема мера се поклопува со архиепископувањето на Теофилакт Охридски кој, со своите писма, ни служи и како историски извор за тоа време. Читајќи ги писмата, може да се види дека Теофилакт воопшто немал симпатии кон граѓаните на Охрид[41], но ниту тој не бил гледан во добро светло од нивна страна.[42] Во однос на црковните работи, Теофилакт пишува дека кон крајот на XI век во охридскиот крај особен замав зело богомилството.[43]

Во 1183 г. Унгарија ги освоила Белград, Равно, Браничево, Ниш и Средец, а Охридската архиепископија ги изгубила Белградската, Браничевската, Нишката и Средечката епархија. Тие ѝ биле вратени дури во 1185 г. кога византискиот император Исак Ангел се венчал со ќерката на унгарскиот крал Бела III, Маргарита.[44]

Истата година било основано Второто Бугарско Царство, а со него и Трновската архиепископија која во патријаршија прераснала дури во 1235 г. Оваа новонастаната архиепископија се проширила на сметка на Охридската архиепископија земајќи ги Видинската, Средечката, Велбуждската, Нишката, Браничевската, Белградската, Призренската и Скопската епархија.[45] Нишката и Велбуждската епархија најверојатно биле одземени во првите години на владеењето на бугарскиот цар Калојан (по 1199 г.), додека, пак, Браничевската епархија во 1202 г. веќе била дел од Бугарското Царство.[46] Белград во 1189 г. бил под византиска власт, во 1190 г. паднал под српска власт, а потоа повторно под византиска власт. Помеѓу оваа 1190 г. и 1204 г. Белград

[39] Чипан. 1995, 16
[40] Панов, 1983, 76-77
[41] Снѣгаровъ, 1924, 72 ; Filiposki, 2011, 88-93
[42] Filiposki, 2011, 94
[43] Ibid, 94-95
[44] Снѣгаровъ, 1924, 87-88
[45] Ibid, 90
[46] Ibid, 91

стапил под бугарска контрола.[47] Во 90-те години на XII век под бугарска контрола се нашле и останатите горенапоменати епархии.[48]

По падот на Константинопол во 1204 г. власта над територијата на Охридската архиепископија неколкупати била променета. Прво била дел од Солунското Кралство, па била под бугарска власт, дел од владенијата на Стрез, па по неговата смрт станува дел од Епирско. Во овој турбулентен период, Охридската архиепископија неколкупати добила и изгубила територии. Прво по смртта на бугарскиот цар Калојан во 1207 г., на сметка на Латините, останала без Девол и Костур како и без своите епархии во Албанија.[49] Костур останал под оваа нова, латинска, власт сѐ до 1216 г. кога, заедно со други македонски градови, бил освоен од Теодор Комнен во име на Епирското Кралство.[50] По оваа загуба, Охридската архиепископија, пак, успеала да воспостави контрола над Скопската епархија, која влегувала во стрезовите владенија, и Призренската епархија која била под српска власт.[51]

По смртта на Стрез, која се случила околу 1215 г., неговото кнежевство било поделено меѓу епирското и латинското кралство. Латинското кралство ја зело Стрезовата престолнина, Просек, поради што Охридската архиепископија, на кратко време, ги изгубила Струмичката и Мегленската епархија.[52] Кога околу 1216 г. Теодор Комнен го зазел Охрид од распаднатото Стрезово Кнежевство, положбата на Охридската архиепископија се подобрила.[53] Па така, тогашниот Охридски архиепископ Димитар Хоматијан по 1224 г. во Охрид за цар го крунисал Теодор Комнен. Оваа постапка била жестоко осудувана бидејќи Хоматијан бил само архиепископ, а не и патријарх и како таков, немал право да круниса цар, но сепак ја стекнал довербата на Тодор Комнен кој Охридската архиепископија ја направил главна црква во Епирското кралство.[54]

Во 1219 г. на сметка на Охридската архиепископија се оформила автокефална српска архиепископија на чело со Сава, братот на тогашниот српски владетел Стефан

---

[47] Снѣгаровъ, 1924, 92
[48] Ibid
[49] Ibid, 97-98
[50] Ibid, 99
[51] Ibid, 98
[52] Ibid, 99
[53] Ibid, 101
[54] Панов, 1984, 22-23

Првовенчани.[55] Со овој чин, Охридската архиепископија ги изгубила Рашката, Призренската, Липљанската и Сремската епархија.[56] Со освојувањата на Теодор Комнен, Охридската архиепископија во рамки на својата диецеза ги вратила Скопската, Берската и Сервијската епархија.[57]

По битката кај Клокотница во 1230 г. во времето на деспотот Мануил, влијанието на Охридската архиепископија значително ослабнало што и било по желба на бугарскиот цар Иван Асен II за да може да се зголеми моќта на Трновската архиепископија.[58] Овој стремеж кулминирал во 1235 г. кога Трновската архиепископија била издигната на ранг на патријаршија. Со делбата на Македонија по смртта на Калиман, во 1246 г. охридската диецеза била поделена меѓу 3 сили: Никејското Царсво, Епир и Солун.[59]
Од изгубените територии под духовна власт на Охридската архиепископија останале само епархиите коишто влегле во рамки на Епирското и на Солунското деспотство.[60] Со териоријална експанзија предводена од Јован Ватац во 1252 г. целата територија на охридската диецеза, освен самиот Охрид, влегла во рамките на Никејското Царство.[61] По 2 години, во 1253 г. влегува во рамки на Бугарското Царство, за околу 1258 г. да биде повратена од новиот никејски цар Теодор II Ласкарис.[62] Непосредно по ова, Теодор II наредил да се уапси Охридскиот архиепископ Константин Кавасилас[63], но тој бил ослободен веднаш штом на престолот седнал идниот обновител на Византиското Царство – Михаил Палеолог во 1259 г.[64] Во 1272 г. албанските епархии на Охридската архиепископија потпаднале под власта на Карло Анжујски сè до 1281 г. кога биле наново заземени од Византијците.[65]

За време на династијата на Палеолозите, угледот на Охридската архиепископија доста пораснал, така што византискиот император Андроник II побарал од охридскиот архиепископ Григориј, заедно со негови соработници, да биде посредник во склучување

[55] Снѣгаровъ, 1924, 135
[56] Ibid, 136
[57] Ibid, 128
[58] Ibid, 143-144
[59] Ibid, 153
[60] Ibid
[61] Ibid
[62] Ibid
[63] Ibid, 156
[64] Ibid, 157
[65] Ibid, 154

мир со неговиот син Андроник III.[66] Во 1295-та година, пак, хетеријархот Прогон Згур, оженет со братучеда на Андроник II, во Охрид ја изградил црквата „Св. Богородица Перивлепта“.[67] Исто, околу крајот на XIII век е изградена и црквата „Св. Јован Богослов“ – Канео од непознат ктитор.[68] Во неа е насликан и охридскиот архиепископ Константин Кавасилас, кој најверојатно починал во 1262 г. како светител со што нејзиното живописување со сигурност се одредува по неговата канонизација.

Со освојувањата на српскиот крал Милутин во 1283 г. Охридската архиепископија изгубила територии северно од Охрид вклучувајќи ги и Дебар, Кичево и Порече кои биле приклучени на Пеќската архиепископија и ја оставиле Охридската архиепископија со 11 епархии. За време на српското владеење, архиепископијата не претрпела други територијални промени.[69] По заземањето на територијата на Охридската архиепископија, Душан ѝ ги потврдил привилегиите коишто претходно ги имала под византиска власт и ја оставил независна што го потврдува и вториот хрисовул на трескавечкиот манастир каде што Охридската архиепископија е наречена *прокатименон* (προκαθήμενον), односно дека има примат врз областа каде што е трескавечкиот манастир.[70] Во 1345 г. охридскиот архиепископ Никола учествувал на крунисувањето на Душан за цар во Скопје, по што привилегиите и автокефалноста на Охридската архиепископија биле загарантирани во Душановиот законик.[71] По смртта на Душан, во рамки на кралството на Волкашин, Охридската архиепископија продолжила да ужива во својата независтност. Дури, поради блискоста на Охридскиот архиепископ и братот на Волкашин – Угљеша, на архиепископијата ѝ биле дадени за управување Серско и Драмско, кои дотогаш никогаш не ги управувала. Ова се потврдува со грамота напишана на грчки јазик издадена од Угљеша[72] Од XIV век во Охрид се зачувани повеќе цркви: „Св. Никола Болнички“, „Св. Богородица Болничка“, „Св. Димитриј“, „Св. Богородица Челница“, „Мали Свети Врачи“, „Св. Никола Чудотворец“, „Мал Св. Климент“, ктиторирана од јерејот Стефан и изградена во 1400 г. на преминот од XIV во XV век, „Св. Константин и Елена“, ктиторирана од јеромонахот Партениј и неговата мајка презвитерата Марија. Згора на тоа, во овој период биле

[66] Панов, 1984, 32
[67] Ibid, 33
[68] Димитрова, Коруновски, 2006, 101-106
[69] Атанасовски, 2003, 33-34
[70] Снѣгаровъ, 1924, 317
[71] Атанасовски, 2003, 38
[72] Снѣгаровъ, 1924, 334-335

извршени и изградбата на тремот на „Св. Богородица Перивлепта“ и ексонартексот на „Св. Софија“ изграден од тогашниот архиепископ
Григориј I.[73]

Првично по освојување на Балканот, Османлиите им го допуштиле правото на самоуправување на постоечките христијански заедници со цел да го смират, нововлезеното во империјата, христијанско население.[74] Во согласност со тоа, Османлиите биле наклонети кон Охридската архиепископија и дури биле од помош при припојување нови диецези кон неа, што, секако, било во склоп на османлискиот план да се намали влијанието на Цариградската патријаршија на овие простори. Така, охридскиот архиепископ Матеј во рамки на Охридската архиепископија ги вметнал софиската и видинската епархија.[75] Овие епархии подоцна ќе бидат вратени на Цариградската патријаршија, но сè уште не е јасно кога се случило тоа.[76] Следно до раздор помеѓу двете црковни институции дошло во 1439 г. поради Фирентинскиот собор, на кој меѓу останатото, се расправало околу повторното соединување на источната и западната црква, а Охридската архиепископија не го признавала. Во периодот по овој собор, помеѓу 1439 г. и 1466 г. Охридската архиепископија ја припоила диецезата на Пеќската патријаршија.[77] По падот на Константинопол во 1453 г. Цариградската патријаршија повеќе не го поддржувала црковното обединување, па односите со Охридската архиепископија почнале да се подобруваат. Така, по 1466 г. на престолот на Охридската архиепископија седнал бившиот цариградски патријарх Марко II Цариградски т.е., Марко Ксилокарав.[78] Кон средината на XV век Охридската архиепископија ги потчинила Влашка и Молдавија[79], така што во 60-тите години влашкото војводство веќе е дел од охридската диецеза, додека, пак, охридската превласт во Молдавија станала номинална.[80]

[73] Грозданов, 1980, 161
[74] Снегаров, 1995, 2-3
[75] Ibid, 3
[76] Ibid, 7
[77] Ibid, 18
[78] Ibid, 8-9
[79] Ibid, 12
[80] Ibid, 15

## III. Преглед на споменици

### III.1 „Св. Богородица Перивлепта“

Црквата е изградена на платото на пониското од двете возвишувања во стариот дел на градот, Дебој. Според ктиторскиот натпис кој се наоѓа на западниот ѕид на нартексот, над влезната врата, црквата била подигната од Хетеријархот Прогон Згур во 1294/95 г. во времето на Охридскиот архиепископ Макариј.[82] Покрај тоа што имал висока титула, ктиторот на оваа црква исто така бил зет на византискиот император Андроник II Палеолог преку бракот со неговата роднина Евдокија.[83]

Во основа, црквата претставува впишан крст со купола и нартекс на западната страна.[84] Црквата е трикорабна, така што двата странични кораба се речиси три пати потесни од средниот кој на исток завршува со апсида која е тространа од надворешната страна, додека, пак, страничните кораби на исток завршуваат со протезис – кај северниот кораб и ѓаконикон – кај јужниот кораб кои се во вид на ниши коишто не се гледаат од надворешната страна.[85] Попречниот травеј од надворешна страна е обележан на страничните фасади со високи ниши во чиј горен дел е поставен прозорец-бифора.[86] На октагоналната купола се изведени колонети од камен наместо од тула.[87] Западниот нартекс е поделен на 3 травеи од кои центалниот е покриен со слепа купола, а страничните – со крстовидни куполи.[88] Извесна е педантноста при градењето што е видливо по тоа што висината на наосот е еднаква со дијагоналата на куполниот травеј, понатаму, внатрешната должина на црквата одговара со висината до куполата; ова пак, изнесува една и пол дијагонала на централниот травеј.[89] Источната фасада на црквата е украсена со камена пластика во вид на ***Z*** и ***S*** меандри како и со „opus reticulatum“.[90] Стилски доста слична, но претходник на оваа црква е Кокини Еклисија (историски позната и како Панагиа Велас (Παναγία Βελλάς)) во селото Вургарели во Епир.[91]

[82] Коруновски, 2000, 91
[83] Снѣгаровъ, 1924, 160
[84] Коруновски, 2000, 93
[85] Dimitrova, 2022, 60
[86] Димитрова, Коруновски, 2006, 105
[87] Ibid, 104
[88] Dimitrova, 2022, 60
[89] Димитрова, Коруновски, Грандаковска, 2013, 112
[90] Dimitrova, 2022, 60; Димитрова, Коруновски, 2006, 105-106
[91] Димитрова, Коруновски, 2006, 100

Живописувањето на црквата е дело на солунските зографи Михаил и Евтихиј и претставуа еден од најдобро зачуваните сликарски ансамбли во Македонија.[92] Зографите имаат оставено околу 10 потписи раштркани низ фреските вклучувајќи ги тие на мечот на св. Меркуриј, на плаштот и дршката на мечот на св. Димитриј, како и на патена и сад за вино во композициите „Премудроста соѕида храм“ и „Тајната вечера“.[92]

Во куполата е насликан Христос Пантократор, во тамбурот на куполата стојат пророци со отворени свитоци, а на пандантивите – евангелиститe.[93] Во највисокиот дел на олтарот е насликана Богородица Оранта, под неа причестувањето на апостолите проследено со фриз на бисти на архиереите св. Дионисиј Ареопагит, Св. Јеротеј, Св. Михаил Исповедник, Св. Евтихиј, Св. Павле Исповедник, потоа на источниот ѕид во иста висина се насликани Св. Терасиј, Св. Методиј, Св. Јаков, Св. Силвестер, Св. Климент, римски папа и Св. Митрофан. На јужниот ѕид се насликани Св. Јован Милостив, Св. Мелетиј, Св. Епифаниј, Св. Андреја Критски и Св. Амфилохиј.[94] Во најдоланта зона на олтарот, пак, е претставата на *Поклонување на жртвата*.

Наосот ги содржи: Циклусот на големите празници, Страсниот циклус, Апокрифниот Богородичен циклус, сцени од Христовите чуда и параболи како и Успенскиот циклус во шест сцени кој е насликан на западниот ѕид.[95] Во претставата на Мироносиците на Христовиот гроб, како и во претставата на Сонот на Навукодоносор во нартексот, заспаните војници, слично како и во црквата „Св. Димитриј“, имаат западњачки штитови со хералдички претстави што е показател за престојот на крстоносците во регионот.[96]

Во долната зона на наосот стои низа од 18 светителски фигури.[97] Меѓу нив, на источниот дел од јужниот ѕид, се насликани апостолите Петар и Андреја, а на ѕидот наспроти нив се претставени Св. Климент и Св. Константин Кавасилас. Сакосот којшто Кавасилас го носи на оваа своја претстава претставува најстар пример на таква

[92] Димитрова, Коруновски, Грандаковска, 2013, 155
[92] Грозданов, 2020, 133-135
[93] Димитрова, Коруновски, Грандаковска, 2013, 157
[94] Грозданов, 2018, 170-171
[95] Димитрова, Коруновски, Грандаковска, 2013, 157
[96] Филипова, 2015, 109
[97] Грозданов, 2020, 44

архиерејска одежда во византискиот свет.[98] На западниот пар столбови се насликани целосни претстави на светите воини Св. Прокопиј, Св. Нестор, Св. Меркуриј и Св. Александар, а над нив стојат бистите на мачениците Св. Созонт, Св. Мартириј, Св. Севастијан и Св. Вонифациј.[99] Светите воини се во оклопи со наметки, сите, освен Св. Меркуриј имаат штит, Св. Прокопиј и Св. Александар држат копја, а Св. Нестор и Св. Меркуриј мечеви. Св. Нестор држи прав меч, а Св. Меркуриј држи закривена сабјапарамерион.[100] Св. Меркурј, како што и иконографски се претставува, носи и шлем.

Во слепата купола на нартексот насликан е Христос-Ангел на Великиот совет, на ѕидовите се исликани старозаветните префигурации на Богородица, а над влезот во наосот се наоѓа најстарата претстава на дамаскиновата Божиќна химна.[101] На втората зона на јужниот ѕид на протезисот е насликана Визијата на Св. Петар Александриски.[102] Во 1364/65 г. Деволскиот епископ и прототронот на Охридската архиепископија – Григориј ги ктиторирал двете странични капели на јужната и на северната страна на олтарот со тоа што северната била посветена на Св. Григориј Богослов, а јужната на Св. Никола.[103] Двете капели се со три источни апсиди.[104] Северната капела на својот јужен ѕид преку врата била поврзана со олтарниот простор на црквата, а на запад има врата преку која се влегувало од надвор.[105] Јужната капела има за нијанса помали димензии од северната и таа комуницира со црквата преку врата на својот северен ѕид.[106] Поради заштита на фрескосликарството на капелите и на самата фасада на црквата, во склоп на иститот ктиторски зафат бил изграден и трем кој ја обиколува целата црква, освен источната страна.[107]

Фрескоживописот од овој период ги опфаќа двете капели и трите страни на црковната фасада, а на секоја страна од фасадата на црквата е насликан посебен иконографски циклус.[108] Сликарството во северната капела, посветена на Св. Григориј

[98] Грозданов, 2020, 51
[99] Ibid, 47; Idem, 2018, 267
[100] Dawson, McBride 2007, 25
[101] Dimitrova, 2022, 66
[102] Грозданов, 2018, 94
[103] Dimitrova, 2022, 72
[104] Ibid
[105] Ibid
[106] Ibid
[107] Ibid, 73
[108] Ibid

Богослов, е сочинето од Празничниот циклус, стоечки фигури во долната зона, над нив стојат светителски медалјони, Светото Тројство е насликано во сводот. [109] Додека, пак, на западната фасада на параклисот стои ктиторската композиција сочинета од феудалните господари Вук Бранковиќ и Гргур Бранковиќ, царот Урош, патронот на капелата Св. Григориј Богослов над надвратникот, архиепископот Григориј II, остатоци од еден архиереј, како и архимандритот Јован.[110]

Во горната зона на јужната капела е насликан циклусот на Големите празници, а под него стои галерија на стоечки светители со Деизисна композиција придружена со четири свети воини со раскошна патрициска облека и крстови.[111] Во конхата на олтарот е насликана Богородица оранта, под неа Поклонение на жртвата, во нишата на протезисот стои првомаченикот Стефан, во ѓакониконот стои непознат ѓакон, додека, пак, во сводот е насликано Вознесението Христово. Оваа претстава е дополнета и со бистите на старозаветните пророци Давид и Соломон.[112]

На речиси целиот северен дел од тремот е претставен Богородичниот Акатист со исклучок на првите три сцени кои се насликани на западниот ѕид на северната капела.[113] На западниот ѕид, фрагментарно зачуван, е насликан Небесниот дворец.[114] Од него се издвојува претстава на свет воин од првата зона во патрициска одежда и со стап во раката со куглест врв. Воинот носи црвена капа со куполест крај, облека со жолти ленти во средината и со бисери на рабовите, и украсена со растителна орнаментика.[115] Јужната фасада е посветена на двозонската претстава на Страшниот суд.[116] Во средината на горната зона Христос седи на широк престол, а во источната група, исто од горната зона, се зачувани апостолите седнати на клупи.[117] Покрај Страшниот суд, на источниот крај на јужната фасада стои засега неутврдена композиција во која е претставен архиереј кој на владетел облечен во дивитисион украсен со бисерни кругови и со вертикален лорос, му предава затворен свиток.[118] Во нартексот на црквата се наоѓа и надгробниот натпис

---

[109] Димитрова, Коруновски, 2006, 198
[110] Грозданов, 2016, 205
[111] Dimitrova, 2022, 73
[112] Грозданов, 2016, 236-237
[113] Idem, 2018, 64
[114] Димитрова, Коруновски, Грандаковска, 2013, 219
[115] Грозданов, 2016, 219-221
[116] Димитрова, Коруновски, 2006, 199
[117] Грозданов, 2016, 223
[118] Ibid, 227

и аркосолиум со портрет на благородникот Остоја Рајаковиќ[119] кој е во став на молитва кон Богородица и на малиот Христос.

Во XV век Светиклиментовата црква на Плаошник, „Св. Еразмо“, била претворена во џамија. Поради тоа, моштите на Св. Климент биле пренесени токму во оваа црква со што таа ја добила својата втора дедикација, на Св. Климент[120], по која и останала позната до возобновувањето на црквата на Плаошник. Пренамената на „Св. Еразмо“ во џамија, истата судбина што ја претрпела и катедралната црква „Св. Софија“, се одлучило новопосветената на Св. Климент црква да биде катедралната црква на Охридската архиепископија. Оваа функција ја имала сѐ до укинувањето на Архиепископијата во 1767 г.[121]

### III.2 Црква „Св. Архангел Михаил“ – Радожда

Црквата е сместена во природна пештера високо во карпи во струшкото село Радожда. Поради неправилната форма на пештерата, а потребата олтарот да е свртен на исток, апсидата е поместена за 90 степени во однос на тоа како вообичаено би била поставена.[122] Понатаму, исто така поради предизвиците на геометријата на пештерата, куполата е заменета со ѕидана калота во која е насликан Христос Пантократор, а под него – ликови на пророци.[123] Овие претстави датираат од XV век.[124]

Денес видливите слоеви на живопис датираат од XIII, XIV, XV и XVII век.[125] Најмладиот слој живопис потекнува од XIII век и од него е зачувана композицијата со претстава на Чудото во Хона каде што е зачувана и претставата на патронот на црквата „Св. Архангел Михаил“.[126] Таа го зафаќа поголемиот дел на јужниот ѕид на нартексот[127], а до неа стои претстава на Св. Параскева.[128] Црквата повторно е живописана кон крајот на XIV век и оваа фаза претставува едно од последните дела на охридската сликарска школа од XIV век.[129] Сликарството од оваа фаза во наосот и нартексот се настанати

[119] Ковачев, 2020, 266
[120] Димитрова, Коруновски, Грандаковска, 2013, 110
[121] Ibid, 111
[122] Суботић, 1980, 21
[123] Ibid, 22
[124] Тричковкса, 2008, 212
[125] Ibid
[126] Жура, 2013, 17
[127] Ibid, 18
[128] Тричковкса, 2008, 212
[129] Жура, 2013, 17-18

истовремено.[130] Наосот во голема мера го исполнуваат сцени од Празничниот циклус, и некои сцени од Страсниот циклус, така, на запад се насликани Крштевањето Христово, Распетието и Оплакувањето, и во продолжение на исток – Мироносиците на Христовиот гроб.[131]

Распоредот на живописот во нартексот е аналоген на останатите еднокорабни цркви во Охрид од XIV век.[132] Во сводот стојат претставите, набројувано по ред од југ кон север, Св. Архангел Гаврил, Христос Пантократор, Св. Архангел Михаил, Христос Старец на Деновите и Христос од преставата на Вознесението.[133] Во горната зона на западниот ѕид насликани се Миењето на нозете, Тајната вечера и Предавството, а на источниот ѕид претставени се Качувањето на Крстот, Воведение Богородично и Раѓањето на Богородица.[134] Во долната зона, пак, на источниот ѕид, претставени се Св. Недела и Св. Варвара, на западниот ѕид стојат претставите Св. Герасим, Св. Антониј, Св. Климент Охридски и Св. Никола Чудотворец, а на северниот ѕид е претставен свет воин.[135]Од оваа сликарска фаза потекнува и композицијата на Вознесението Христово која стои на надворешната страна на црквата.[136]

Сликарството во наосот од XV век го сочинуваат претставите на источниот ѕид светите бесребреници Св. Пантелејмон и светите Кузман и Дамјан како и на две светителки, Св. Константин и Елена на јужниот ѕид, и на западниот ѕид на кој се претставени 5 фигури на свети воини од кои вториот и третиот се Св. Теодор Тирон и Св. Теодор Стратилат, а последниот е Св. Ѓорѓи. Од овие, претставата на св. Ѓорѓи не е видлива. На северниот дел од ѕидот насликани се Св. Архангел Михаил и Деизис.[137]

### III.3 Црква „Св. Никола Болнички“

Сместена во старото градско јадро, црквата посветена на Св. Никола била подигната и живописана во времето кога архиепископот Никола бил на чело на Охридската архиепископија околу 1335/36 г. Таа била еднокорабна црква со полувалчест свод, тристрана апсида од надворешната страна и камбанарија на својата

[130] Жура, 2013, 17
[131] Суботић, 1980, 22
[132] Жура, 2013, 18
[133] Суботић, 1980, 22
[134] Ibid, 22
[135] Жура, 2013, 18
[136] Ibid, 17
[137] Суботић, 1980, 22; Тричковкса, 2008, 212

западна страна. Некое време по изградбата на црквата добила затворен дрвен трем и јужна капела, а во XV век дрвениот трем бил заменет со камен и добил улога на нартекс.[138] Сликарството од XIV век се состои од тоа во наосот и цела јужна фасада, додека сликарството на западната фасада како и вториот слој фрески на јужниот и источниот ѕид на јужната капела, посветена на светите апостоли[139], потекнуваат од XV век, во прилог на што оди испишаната година 1480/81 над западниот влез.[140]

Сликарството во наосот го сочинуваат фигурите и композициите во олтарот, светителскиот хор во наосот, светителските претстави во медаљони, циклусот на Големите празници во втората зона на наосот како и претставите во полувалчестиот свод.[141] До Деизисот на северниот ѕид се насликани четирите свети воини: Св. Ѓорѓи кој е во полна воена опрема, со десната рака држи копје, со левата меч, а до нозете му стои штитот; Св. Димитриј со десната рака држи крст, со левата меч и е наметнат со плашт украсен со бисери; Св. Теодор Тирон држи копје, меч и штит, а Св. Теодор Стратилат држи само меч и копје.[142] На спротивната страна, на јужниот ѕид, се насликани Св. Никола, Св. Климент и Св. Пантелејмон. На јужниот ѕид, јужно од западниот влез се насликани Кузман и Дамјан.[143] На западниот ѕид, јужно од западниот влез се насликани Св. Константин и Елена, а северно на влезот е насликан Св. Архангел Михаил.[144] На јужниот и северниот ѕид, над стоечките фигури се насликани медаљони на маченици, воини и архиереи. На јужниот ѕид се насликани Св. Прокопиј, Св. Никита, Св. Јован Милостив и петозарените светители Евстатиј, Евгениј, Мардариј, Орест и Авксентиј.[145] На северната страна, пак, се насликани Св. Ахилиј Лариски, Анемподист, Елпидифор, Автониј, Пигасиј, Мина и Христофор. [146] .[147] Циклусот на големите празници е насликан на двете страни на темето на сводот. [148]

На јужната фасада на црквата кога се градел јужниот трем била насликана и ктиторска композиција. Таа датира од 1345 г. и ги претставува ктиторот, архиепископот

---

138 Pandžak Pineva, 2022, 99
139 Суботић, 1980, 108
140 Pandžak Pineva, 2022, 103
141 Грозданов, 2016, 61
142 Ibid
143 Pandžak Pineva, 2022, 103
144 Ibid
145 Грозданов, 2016, 62
146 Ibid, 63
147 Ibid
148 Ibid, 70

Никола, источно од него бистата на патронот – Св. Никола, кралот Стефан Душан и кралицата Елена кои се благословувани од Христос Емануил, нивниот син Стефан Урош, Св. Сава и Св. Симеон Немања.[149]

Сликарството на западната фасада на јужнниот параклис го сочинуваат, во најгорната зона, во триаголна површина, Христос, кој со двете раце благословува, фланкиран од архангелите Михаил и Гаврил. Под него лево е претставено јавувањето на Христос на апостолите во Галилејското Море, и под неа свадбата во Кана, а, пак, од десната страна под Христос стои преставата на умножувањето на лебовите.[150] Помеѓу овие претстави, во лунетата над влезот, е насликана Богородица со малиот Христос во рацете, а над неа во квадратно поле стои биста на Св. Архангел Михаил.[151] Под претставата на умножувањето на лебовите е насликана низа на пет архиерејски бисти[152]. Во најдолната зона, на јужниот дел од ѕидот до влезот, стои претстава на Богородица од сцената на Благовештение. Нејзиниот пандан во сцената, Св. Архангел Гаврил, којшто би бил на северната страна од ѕидот е тргнат при конзервација.[153] До оваа претстава на Богородица стои голема допојасна претстава на патронот на црквата „Св. Никола“.[154]

### III.4 Црква „Св. Димитриј“

Црквата „Св. Димитриј“ е уште еден пример на типологијата на мали еднокорабни цркви во XIV век. Таа има апсида која е тристрана од надворешноста на источната страна, ѓаконикон и протезис кои се сведени до ниши и е покриена со полувалчест свод.[155]

Сликарскиот ансамбл на црквата бил сочинат од циклусот на Големите празници, потоа во северниот и јужниот ѕид на наосот во долната зона стоечки светители, и во горниот дел бисти на старозаветни пророци од кои се зачувани шест.[156] Во зоната на стоечки светители се насликани пет свети воини од кои патронот Св. Димитриј е на јужниот ѕид до иконостасот и е облечен во панцир со наметката врзана околу појасот[157]. Останатите четири, пак, имено: Св. Ѓорѓи, свет воин за кој се

[149] Грозданов, 2016, 87
[150] Суботић, 1980, 110
[151] Pandžak Pineva, 2022, 103
[152] Суботић, 1980, 110
[153] Ibid, 112
[154] Ibid
[155] Серафимова, 2007, 65
[156] Грозданов, 2016, 259; Серафимова, 2007, 67
[157] Серафимова, 2007, 77

претпоставува дека е Св. Прокопиј, Св. Теодор Тирон и Св. Теодор Стратилат се на северниот ѕид.[158] Сите држат копја и штитови, а Св. Ѓорѓи во левата рака држи и меч. Меѓу овие четири воини и Деизисната композиција е насликан Св. Климент.[159] До Св. Димитриј стои еден неутврден архиереј кој најверојатно е Св. Никола, светиците Варвара и Параскева стојат на јужната половина на западниот ѕид, а на северната стојат Св. Константин и Елена.[160]

Од циклусот на големите празници се зачувани: Благовештението, на врвот на ѕидот на конхата Вознесението, потоа во втората зона на јужниот ѕид се зачувани Христовото раѓање, фрагменти од Сретението и Лазаревото воскресение, на северниот ѕид се Влегувањето во Ерусалим, Распетието, Мироносиците на Христовиот гроб и Слегување во адот, а на западниот ѕид, над влезната врата, се насликани Преображението и Успетието.[161] Во сцената на Мироносиците на Христовиот гроб трите заспани војници се облечени во околопи по западен манир со панцири, црвени туники и шлемови, а сите тројца имаат и исти штитови со хералдички претстави, имено површината на штитот е поделена дијагонално на половина, така што во горната половина има графички симбол сличен на буквата ***S***, а во долната половина има три точки и две коси, црвени линии.[162]

### III.5 Црква „Св. Атанасиј“ – Калишта

Црквата „Св. Атанасиј“ е пештерска црква со мали димензии која се наоѓа на околу 300 метри јужно од манастирот Калишта, Струшко.[163] Внатрешноста на црквата се шири на североисток, а самиот влез се наоѓа на југоисточната страна.[164] На исток црквата има апсида која е тристрана од надворешната страна, а покривот е изграден од камени плочи.[165]

Иако мала по своите димензии, „Св. Атанасиј“ го содржи најголемиот сочуван сликарски ансамбл во струшкиот крај, кој според своите стилски особености датира од

---

[158] Серафимова, 2007, 65
[159] Ibid, 81
[160] Ibid, 79
[161] Грозданов, 2016, 259
[162] Филипова, 2015, 106
[163] Жура, 2013, 19
[164] Грозданов, 2016, 262
[165] Жура, 2013, 19

седумдесеттите години на XIV век.[166] Фрескосликарството во црквата е постаро од тоа на втората фаза во географски блиската пештерска црква „Св. Михаил“ во Радожда.[167]

Во XIX век црквата е пресликана[168], така што од сликарството од XIV век зачувани се повеќе светителски ликови како и неколку композиции од циклусот на Големите празници: Сретението и Распетието се зачувани во целост, додека, пак, сцените на Раѓањето Христово, Благовештение, Успението на Богородица и Мироносици на Христовиот гроб се зачувани само фрагментарно.[169] До олтарната преграда, на северната страна стои претстава на Деизис до којашто, продолжувајќи на западниот ѕид, се насликани Св. Никола, Св. Архангел Михаил, светите воини Св. Теодор Тирон, Св. Ѓорѓи и Св. Димитриј и светите бесребреници Св. Кузман и Дамјан.[170] Св. Теодор Тирон е насликан во патрициска одежда, но со меч во левата рака, а Св. Ѓорѓи и Св. Димитриј, кои се свртени еден кон друг, обајцата во левите раце држат штитови, а во десниците – копја.[171] Светителскиот хор го завршуваат претставите на Св. Антониј, Св. Ефтимиј и таа на Св. Климент.[172] Над влезната врата стојат бистите на четирите маченички: Св. Петка, Св. Марина, Св. Недела и Св. Варвара.[173]

### III.6 Црква „Св. Никола“ – Косел

Сместена во селото Косел, црквата „Св. Никола“ претставува мала, издолжена градба со источна апсида која е тространа на својата надворешна страна, протезис и ѓаконикон редуцирани до полукружни ниши, а целото здание е покриено со полувалчест свод.[174] Архитектонската матрица очигледно е истата онаа која била вообичаена за Охридскиот Регион во XV, како и во XIV век. Над јужниот прозор стои ктиторски натпис во фрескотехника кој останал недовршен.[175]

Сликарството според своите стилски обележја датира околу средината на XV век.[176] Тоа, иако доста оштетено, го сочинуваат, во сводот, Христос од Вознесението кој

[166] Жура, 2013, 19
[167] Грозданов, 2016, 261
[168] Жура, 2013, 19
[169] Грозданов, 2016, 262
[170] Ibid; Жура, 2013, 20
[171] Грозданов, 2016, 262
[172] Ibid; Жура, 2013, 20
[173] Грозданов, 2016, 262
[174] Суботић, 1980, 114
[175] Ibid, 114-115
[176] Ibid, 115

е насликан над олтарниот простор, во средината на сводот Христос Старец на деновите и Хетимасијата, додека од секоја страна под нив стојат по осум пророци во медалјони.[177]

Од Циклусот на Големите празници зачувани се сите сцени, освен Благовештението. Тие се распоредени на следниот начин: Христовото раѓање, Сретението, Крштевањето и Лазаревото воскресение се наоѓаат на јужниот ѕид, Преображението стои во горниот предел на западниот ѕид, а над самиот влез е насликано Успението. Влезот во Ерусалим, Распетието, Мироносици на Христовиот гроб и Симнувањето во адот се сместени на северниот ѕид, а Вознесението стои на источниот ѕид.[178]

Фризот на светителски бисти се наоѓа под циклусот на големите празници. На јужниот ѕид на наосот насликани се маченицитe Мануил, Савел и Исмаил и Св. Трифун, додека, пак, наспроти нив, на северниот ѕид насликани се Св. Кирик и Јулита, светите бесребреници Пантелејмон, Кузман и Дамјан како и еврејските момчиња Азариј, Ананиј и Мисаил.[179] Од светителскиот хор зачувани се претставите на Св. Силвестер, чијашто претстава е единствена зачувана на јужниот ѕид, на западниот ѕид, јужно од вратата, стои Св. Пахомиј со ангел, а северно од вратата стои Св. Марина која со чекан бие ѓавол. Најзачувани се претставите на северниот ѕид кои се сочинети од Деизис и фигурите на светите воини: Св. Теодор Тирон, Св. Теодор Стратилат и Св. Ѓорѓи.[180]

### III.7 Црква „Успение на Пресвета Богородица“ – Велестово

Ова еднокорабно, издолжено здание кое завршува со тристрана апсида на исток, засводено со полувалчест свод[181] се наоѓа во селото Велестово и денес ја претставува главната селска црква околу која се протегаат селските гробишта. Фрескосликарството е насликано во две етапи на растојание од неколку години.

Според ктиторскиот натпис кој се наоѓа помеѓу фигурите на светите воини Св. Димитриј и Св. Меркуриј првата фаза на сликарството е ктиторирано од попот Георгиј, Станча (или Станца), неговиот брат Михо, Рајко Добрилов, Дабец и Петко и е извршено

---

[177] Суботић, 1980, 115
[178] Ibid
[179] Ibid
[180] Ibid
[181] Ibid, 61

во 1444 г.[182] Фреските од оваа фаза ја опфаќаат површината од источниот ѕид, т.е., од олтарниот простор сѐ до т.н. „трета греда“, односно, последната на западната страна.[183]

Над западниот влез, пак, стои друг натпис кој сведочи за втората етапа на сликарството. Тој ни кажува дека сликарсвото во останатиот дел од црквата настанало во 1450/51 г. и е ктиторирано од страна на Вукота, Славко, Грубан, Михо Јанков и Никола.[184] Остатокот од натписот е посветен на катастих во кој се набројани имотите на оваа црква.[185] Во овој натпис, исто така, напоменато е дека при завршувањето на живописувањето на црквата, на престолот на Охридската архиепископија седел архиепископот Никола.[186]

Двете сликарски етапи образуваат еден единствен ансамбл, така што претставите се распределени на следниот начин:

- Од претставите во сводот на првата фаза припаѓаат претставата на Христос Старец на деновите, Вознесението и под нив девет пророци, додека во втората фаза припаѓаат Хетимасијата и три други пророци.[187]
- Циклусот на Големите празници го сочинуваат: Благовештение, Раѓањето Христово, Сретението, Крештевањето, Распетието, Мироносици на Христовиот гроб и Симнувањето во адот од постарата фаза, и: Лазаревото воскресение,
- Успението, Преображението и Влегувањето во Ерусалим од помладата фаза.[188]
- Најниската зона во олтарот ја сочинуваат претставите на Св. Василиј Велики и Св. Јован Златоуст во Поклонение на жртвата, додека, пак, простезисот е исполнет со Оплакувањето, а во ѓакониконот е насликан Св. Роман Мелод. Сите овие претстави се од постарата сликарска етапа.[189]
- Светителскиот хор го сочинуваат претставите на Богородица со Христос, Св. Никола, Св. Климент, над вратата бисти на Св. Марина и непознат воин, Св.

Параскева, непознат архиереј како и светите воини Св. Прокопиј, Св. Меркуриј, Св. Димитриј и Св. Ѓорѓи Победоносец, од првата фаза, и претставите на Св. Архангел

[182] Суботић, 1980, 61-62
[183] Ibid
[184] Ibid, 63
[185] Ibid, 63-64
[186] Ibid, 64
[187] Ibid, 65
[188] Ibid
[189] Ibid

Михаил, светите врачи Св. Кузман и Дамјан, како и претставите на Св. Теодор Тирон и Св. Теодор Стратилат кои се на коњи. На северниот ѕид стои Св. Теодор Стратилат, а Св. Теодор Тирон, кој денес е покриен, би стоел на запад.[190]

**III.8 Црква „Сисвети“ – Лешани**

Црквата во рамките на манастирскиот комплекс „Сите Светители“ во селото Лешани, во Дебарца претставува скромно градено здание. Имено, повторно се работи за мала, еднокорабна црква со источна апсида која е тристрана од надворешната страна, протезис и ѓаконикон редуцирани до ниши во ѕидовите, и покриена со полувалчест свод. Но, со извршени археолошки истражувања, се потврдило дека порано црквата на запад имала нартекс, а на југ – придружна просторија.[191] На западниот ѕид, над влезот, црквата имала ктиторски натпис кој за жал, денес повеќе не постои. Него го запишал и го исчитал рускиот истражувач Виктор Григорович во 1845 г.[192] Во натписот стои дека црквата е подигната од страна на Никола Божиќев[193] за време на архиепископот Никодим т.е., Никола.[194]

Освен во внатрешноста на црквата, фрагменти на сликарство се пронајдени и на јужната и на западната фасада.[195] Во сводната површина насликани се Хетимасијата, Христос Старец на деновите и Христос од Вознесението под кои, во медалјони, стојат бисти на 19 старозаветни пророци.[196] На источниот ѕид, на обете страни на олтарот, стои Благовештение, на јужниот ѕид се сцените на Раѓањето Христово, Сретението, Крштевањето и Лазаревото Воскресение, на западниот ѕид стои Преображението, на северниот Влегувањето во Ерусалим, Распетието, Мироносици на Христовиот гроб и Симнувањето во адот, а во горниот дел на источниот ѕид е Вознесението.[197]

Фризот на светителски бисти го сочинуваат, на јужниот ѕид, Св. Силвестер, Св. Власиј и Св. Ахил, светите бесребреници Св. Кузман и Дамјан и Св. Пантелејмон, потоа, Св. Климент, Св. Параскева и Св. Марина.[198] На северниот ѕид стојат бистите на Св. Евстатиј, некој непознат маченик, Св. Христофор, Св. Трифун и трите еврејски

---

[190] Суботић, 1980, 65
[191] Ibid, 70
[192] Ibid
[193] Ibid, 70-71
[194] Ibid, 71
[195] Ibid
[196] Ibid, 72
[197] Ibid
[198] Ibid

момчиња – Азариј, Ананиј и Мисаил, додека, пак, во олтарот се сместени бистите на Св. Елефтериј, Св. Поликарп и Св. Григориј.[199]

Најдолната зона на јужниот ѕид е речиси целосно уништена. Освен претставите на Св. Григориј Богослов и Св. Кирил Александриски во олтарниот простор извесно е дека таму имало претстави на три свети воини[200], но тие денес не се гледаат. Во однос од јужната, северната страна е подобро зачувана. Таму се зачувани претставите на светите воини Св. Димитриј и Св. Ѓорѓи, до нив стои Деизис од кој само фигурата на Богородица е сочувана. Понатаму, во олтарниот простор стојат Св. Петар Александриски и Св. Атанасиј.[201] Во олтарот се насликани Св. Василиј Велики и Св. Јован Златоуст во Поклонение на жртвата, во протезисот е насликан архиѓаконот Стефан, а во ѓакониконот – Св. Роман Мелод.[202]

### III.9 Црква „Вознесение Христово“ – Лескоец

Како и повеќето цркви во регионот, во XIV и XV век, така и оваа црква претставува издолжено, еднокорабно здание со апсида на исток која е тристрана од надворешната страна, протезис и ѓаконикон во вид на полукружни ниши во ѕидовите, и е покриена со полувалчест свод.[203] Единствената декоративна пластика на фасадата е запчеста лента од тули која се движи непосредно под покривот и на горниот дел од апсидата.[204] Според ктиторскиот натпис, кој се наоѓа на јужниот влез, црквата е изградена со заеднички труд на повеќемина во заедницата, така што во него набројани се преку дваесет имиња, од кои засебно место во сликарскиот ансамбл на црквата добиле само Тоде и неговата жена Вулка, кои стојат покрај јужната врата, и, северно од истата врата, еден непознат ктитор во монашка одежда кој можеби е свештеникот Петар кој се споменува во натписот.[205] На крајот на ктиторскиот натпис, како година на завршување на живописот стои 1461/62 г.[206]

Сликарството во црквата е доста добро зачувано и тоа е распоредено на следниот начин: Во сводот, на источниот дел е Христос од Вознесението, во средината е насликан

---

[199] Суботић, 1980, 73
[200] Ibid
[201] Ibid
[202] Ibid
[203] Кораћ, 1951, 217
[204] Ibid, 219
[205] Суботић, 1980, 95-96
[206] Ibid, 96

Христос Старец на деновите, на западниот дел стои Хетимасијата, а под нив стојат бисти на пророци; и тоа, на јужниот дел од сводот: Јона, Малахиј, Данил, Исаија, Мојсеј, Давид, повторно Исаија, Еремија и непознат пророк, а на северниот дел од сводот стојат Софониј, повторно Исаија, Исус Навин, Јоил, Илија, уште еден непознат пророк, Јов, Осиј, и Соломон.[207] Во долната површина на сводот и на ѕидовите е распределен циклусот на големите празници, така што на источниот ѕид на обете страни на олтарот стои Благовештението, на јужниот ѕид стојат Раѓањето Христово, Сретението, Крштевањето и Лазаревото Воскресение, на западниот ѕид е насликано Преображението и над влезот – Успението, на северниот ѕид се сцените на Влезот во Ерусалим, Распетието, Мироносици на Христовиот гроб и Симнувањето во адот, а на источниот ѕид, над Благовештението стои Вознесението.[208]

Под циклусот на големите празници, на северниот, јужниот и на западниот ѕид се насликани сцени од Страсниот циклус. Насликани се Тајната вечера, Миењето на нозете, Причест, Молитвата во Гетсиманската градина, Предавството, Петровото одрекување и судењата кај Ана и Кајафа.[209] На западниот ѕид пред Успението стојат сцените на Миењето на рацете на Пилат и како Јуда ги прима сребрениците, додека, пак, на северниот ѕид е Враќањето на сребрениците и Бесењето на Јуда.[210]

Следува фриз од светителски бисти кој е сочинет од претставите на Св. Јован Милостив, Св. Ахил и Св. Јермолај, кои се во олтарниот простор, потоа во наосот насликани се Св. Пантелејмон, Св. Кузман и Дамјан, некој непознат маченик, Св. Теодор Тирон, Св. Теодор Стратилат, на јужниот ѕид се Св. Евстатиј, Св. Недела, Св. Варвара, а на северниот ѕид претставени се Св. Јулита и Кирик, Св. Христофор, Св. Трифун, еврејските момчиња Азариј, Ананиј и Мисаил и Св. Онуфриј.[211]

Најниската зона е исполнета со фигури на стоечки светители. На јужниот ѕид до иконостасот е насликан Св. Климент, до него Св. Никола и двајца од ктиторите, Тоде и неговата жена Вулка, потоа Св. Параскева и Св. Марина. На западниот ѕид стојат Св. Антониј и Св. Атанасиј Александриски, потоа фигура на монах кој е клекнат до Св. Константин и Елена. На северниот ѕид насликани се светите воини Св. Меркуриј, Св.

---

[207] Суботић, 1980, 97
[208] Ibid
[209] Ibid
[210] Ibid
[211] Ibid

Прокопиј, Св. Димитиј и Св. Ѓорѓи, а ѕидот до иконостасот завршува со Деизис.[212] Олтарниот простор денес ги има претставите на Богородица и под неа Поклонувањето на жртвата во кое се вклучени Св. Василиј и Св. Јован Златоуст, Св. Григориј и Св. Кирил Александриски.[213] Оштетената претстава во протезисот е таа на архиѓаконот Стефан, а во ѓакониконот е насликан Св. Роман Мелод.[214]

[212] Суботић, 1980, 98
[213] Ibid, 97-98
[214] Ibid, 98

# IV. Преглед на воената опрема во претставите на светите воини на монументалното ѕидно сликарство

Светите воини, како што и навестува и самото име, биле воини во службата на Римската Империја во времето на засиленото прогонување и измачување на христијаните, главно во времето на владеењата на Диоклецијан, Максимијан и Максимин Даја во крајот на III и почетокот на IV век.[218] Тие, неодрекувајќи се од својата христијанска вера, не биле поштедени и биле измачувани и погубени како и останатите верници.

Соодветно на својот сталеж, за време на животот, светите воини, освен со маченички обележја, во рамки на фрескосликарските ансамбли во црквите честопати се претставуваат со воена опрема сочинета од разни оклопи за тело, наметки, чизми, шлемови, штитови, потоа оружје како мечеви, сабји, боздогани, копја и др. Освен овие очекувани елементи од воената опрема можат да се сретнат и инсигнии кои посочуваат на воениот ранг на дадениот светител.[219] Овие претстави на воената опрема, иако понекогаш шематизирани, упростени, а на моменти и потполно анахрони[220] ни пружат редок поглед во средновековното вооружување.

## IV.1 Одбранбено оружје

### IV.1.1 Оклоп за тело (кат. бр. 1 – 41)

При претставувањето на светите воини во монументалното ѕидно сликарство тие како оклоп најчесто носат *lorica musculata* т.е. мускуларен панцир, крлушест или плочкаст панцир, нему сродниот, ламеларен панцир, мрежест панцир (панцирна кошула), како и оклоп од меки материјали како кожа, ленено платно, чоја и волна.[221] Своевремено за оклопите за тело се користеле повеќе термини од кои најпопуларни биле *λωρίκιον* (лорикион), *κλιβάνιον* (кливанион) и *ζαβα* (зава). Ваквите термини не биле

---

[218] Grotowski, 2010, 57

[219] Ibid, 125

[220] Ѓорѓиевски, 2013,130

[221] Grotowski, 2010, 125; 151-152; 154-155

употребувани исклучиво за конкретен вид оклоп и биле употребувани за опис на различни видови оклопи.[222]

Поради големиот степен на оштетеност на сликарството, кај воините од наосот на црквата „Св. Архангел Михаил“ во Радожда не може да се одреди со каков вид оклоп се претставени.

### IV.1.1.1 Мускуларен панцир (кат. бр. 1 – 5)

Мускуларните панцири најверојатно престанале да се изработуваат околу VI век, така што тој е единствениот од наведените видови оклопи којшто не се употребувал во средновековието.[223]

Ваквите оклопи своите корени ги имаат во антиката. Тој се состои од предна и задна плоча кои се врзувале со врвци од ленено платно и биле изработени од метал или од тврда кожа.[224] Од фигурите на светите воини коишто се вклучени во оваа тема ваков оклоп носат пет, и тоа две во црквата „Св. Богородица Перивлепта“: претставите на Св. Димитриј и Св. Александар, потоа Св. Теодор Тирон во „Св. Никола Болнички“ и другите две, кои се наоѓаат во црквата „Св. Димитриј“, се тие на светиот воин за кој се претпоставува дека е Св. Прокопиј и претставата на патронот на црквата „Св. Димитриј“. Оклопот во двете претстави на Св. Димитриј доста наликува на оклопот на истиот светец во неговата претстава, во мозаична техника, од манастирот „Св. Архангел Михаил“ во Киев кој датира помеѓу 1108 г. и 1113 г.[225] Сите од овие мускуларни панцири се изведени, така што наликуваат на вдлабени или испакнати фитоморфни мотиви. Поедноставен е само оклопот на Св. Прокопиј.

[222] Grotowski, 2010, 126-127
[223] Ѓорѓиевски, 2013,130
[224] Grotowski, 2010, 129
[225] Ibid, 130 ; fig. 26

### IV.1.1.2 Крлушест оклоп (кат. бр. 6 – 10)

Крлушестиот оклоп се изработувал од мали, рамни, перфорирани плочки-фолиди (φολίδες[226]) направени од железо или бронза, или, пак, од тврд органски материјал како коска, дрво или варена кожа. [227] Тие, потоа, со метални нитни биле прицврстени за подлога од кожа или ткаенина, така што се преклопувале одејќи надолу т.е., во насоката во којашто се движеле ламелите. Освен надолното поклопување, постоеле и примероци каде што плочките се поклопуваат странично и ваквата варијанта била доста слична на ламеларните оклопи.[228] Ваквиот оклоп бил лесен за изработка, а истовремено не бил тежок со што бил и релативно удобен за носење.[229] Следејќи го дијахронискиот развој на ваквите оклопи, се забележува дека со текот на времето големината на индивидуалните плочки постепено се намалува, така што во XIII век крлушестиот оклоп наликувал на мрежа.[230]

Примери на вакви оклопи во претставите на светите воини во дадените хронолошки и географски рамки се оклопот на Св. Прокопиј и Св. Меркуриј во црквата „Св. Богородица Перивлепта“, оклопот на Св. Теодор Стратилат во црквата „Св. Димитриј“ и оклопот на Св. Меркуриј во црквата „Успение на Пресвета Богородица“ во Велестово. Оклопот на Св. Теодор Стратилат во „Св. Димитриј“ нема чисто дефинирана граница меѓу ламелите при што наликува како оклопот да има мека материјалност, но со споредувањето на претставата на Св. Теодор Стратилат со претставите на Св. Никита[231] и Св. Артемиј[232] во манастирот „Успение на Пресвета Богородица“ – Матејче нè уверува дека всушност се работи за крлушест оклоп. Претставата на Св. Меркуриј во „Св. Богородица Перивлепта“ е единствена претстава каде што панцирот, во овој случај крлушест, е прекриен со епилорикион, кој претставува парче облека изработено од памук или од свила и би служел за додатна заштита како и за прикривање на самиот оклоп.[233] Од внатрешната страна е опшиен со мрежест панцир.

---

[226] Kolias, 1988, 46
[227] Parani, 2003, 104
[228] Ibid
[229] Grotowski, 2010, 133
[230] Ibid, 135
[231] Ѓорѓиевски, 2010, 198
[232] Ibid, 200
[233] Grotowski, 2010, 177

### IV.1.1.3 Ламеларен оклоп (кат. бр. 11 – 28)

Ламеларниот оклоп во историските извори најчесто се нарекува кливанион (*κλιβάνιον*). Тој, како што беше споменато погоре, е доста сличен со крлушестиот оклоп. Тој се изработувал на сличен начин, со перфорирани плочки, но за разлика од крлушестиот оклоп, кај кого плочките се преклопуваат само со тие под нив, кај ламеларниот оклоп плочките се преклопувале и по хоризонтална линија и се поврзувале меѓусебно со кожни врвки или со жица.[234] Ова ја елиминирала потребата плочките да се прицврстуваат за подлога што го направило оклопот доста полесен.[235] Помеѓу ламелите постои т.н. граничник од кожа кој спречува ламелите да тежат врз кожните врвки.[236] Ламелите освен вертикално можат да бидат поставени и кружно, зрачесто или, пак, комбинирано. За да му се даде на оклопот додатна цврстина, можело и да се наредат челични обрачи и четириаголни плочи најчесто во пределот на градите.[237] Освен торзото ваквиот вид оклоп можел да го покрива и горниот дел на рацете. Иако честопати овој дел од оклопот во рамки на фрескосликарството го сретнуваме во облик на птериги, облик кој потсетува на доцната антика, има и примери каде што горниот дел на рацете е заштитен од плочки со поголеми димензии.[238] На локалитетот Светиња во рамките на Виминациум, во денешна Србија беа пронајдени голем број плочки кои припаѓале на повеќе ламеларни оклопи.[239] Тие иако датираат од крајот на VI и почетокот на VII век[240] служат како пример за тоа како би изгледале ламеларните плочки во подоцнежните етапи на Византиското Царство. Друг пример на ламели пронајдени при археолошки истражувања кој е хронолошки поблизок до оваа тема, исто така од Србија, претставуваат железните ламели со различна големина најдени во културниот хоризонт III-b на тврдината Стари Рас. Овие наоди датираат од втората половина на XII век.[241]
При распознавањето на овие два вида оклопи, крлушест и
ламеларен, во фрескосликарството најчеста и највидлива разлика е самиот облик на ламелите, така што кај крлушестите оклопи тие најчесто се во облик на рибина крлушка, а кај ламеларните оклопи ламелите се најчесто правоаголни, со поголем број

[234] Grotowski, 2010, 137; Parani, 2003, 104
[235] Шкриванић, 1957, 139
[236] Ѓорѓиевски, 2013,133
[237] Шкриванић, 1957, 139
[238] Parani, 2003, 108
[239] Bugarski, 2005, 161-167
[240] Ibid, 161
[241] Popović, 1999, 257; 260

перфорации поради начинот на меѓусебното поврзување и со заоблени краеви кои се свртени нагоре.[242] Во двата оклопа, разликата на бои помеѓу редовите на ламели се должи на тоа што така се доловува преклопувањето на ламелите.[243]

Ламеларните оклопи се убедливо најпопуларен вид оклоп во кој се сликаат светите воини. Тоа е вистинито и за спомениците кои се опфатени во овој труд. Имено, во ламеларни оклопи се претставени Св. Ѓорѓи, Св. Теодор Тирон и Св. Теодор Стратилат од „Св. Богородица Перивлепта“, потоа, во црквата „Св. Димитриј“ ламеларен оклоп носат Св. Теодор Тирон и Св. Ѓорѓи. Следуваат Св. Ѓорѓи и Св. Димитриј во „Св. Никола Болнички“ и тие му припаѓаат на сликарството од првата фаза. Понатаму, Св. Ѓорѓи во „Св. Атанасиј“– Калишта, Св. Ѓорѓи, Св. Димитриј во „Св. Никола“ – Косел, потоа Св. Димитриј, Св. Ѓорѓи Победоносец и непознатиот воин во „Успение на Пресвета Богородица“– Велестово. Во црквата „Вознесение Христово“ во селото Лескоец насликани се Св. Меркуриј, Св. Прокопиј, Св. Димитриј и Св. Ѓорѓи, а во манастирот „Сисвети“ во Лешани во ламеларен оклоп е претставен Св. Ѓорѓи.

#### IV.1.1.4 Панцирни кошули (кат. бр. 29 – 30)

Панцирните кошули биле изработени со метални алки, најчесто железни, кои меѓусебно биле испреплетени, така што оформувале една флексибилна мрежа од алки. Самите алки биле заварувани или, пак, заковани.[244] Во историските извори се употребуваат повеќе различни термини за оклопи од кои неколку се поврзуваат со панцирните кошули. Тоа се, имено, ζαβα (зава), понекогаш θώραξ (торакс), но најчесто комбинации со одредена придавка и именката λωρίκιον какви што се λώρικα ψιλά и λώρικα αλυσιδιωτά.[245] Фрагмент на панцирна кошула е пронајден во претпоставениот гроб на Цар Самуил во црквата „Св. Ахил“ на истоимениот остров во Мала Преспа. Фрагментот бил пронајден на левиот лакт на покојникот.[246] Пронајдени примероци од нашата држава се фрагментот пронајден кај манастирот Трескавец во Прилеп, кај кој

[242] Ѓорѓиевски, 2013,136
[243] Ibid, 133
[244] Parani, 2003, 108
[245] Grotowski, 2010, 155
[246] Μουτσόπουλος, 1967, 65

алките биле споени со ковање,[247] и фрагментот од Стрезов Град во Демир Капија кој, според околностите на откривањето, најверојатно датира од XIV век.[248]

Еден можен пример за претстава на панцирна кошула во рамките на обработените споменици е таа на Св. Теодор Стратилат од „Успение на Пресвета Богородица“ – Велестово. Поради ситноста на своите составни елементи, насликаниот оклоп може да преставува панцирна кошула, но може исто така да е пример на крлушест оклоп кај кој поединечните плочки се извонредно мали.[249] Ист оклоп, но позлатен, носи и Св. Архангел Михаил во истата црква. Тој стои на западниот ѕид, јужно од влезната врата.  Мора да се напомене дека епилорикионот којшто Св. Меркутиј го носи во својата претстава во „Св. Богородица Перивлепта“ од внатрешната страна е опшиен со мрежест панцир. На сличен начин е прикажан и епилорикионот на Св. Ѓорѓи од црква „Св. Никита“ во Бањани, што не треба да нѐ чуди бидејќи и во двата споменика својот белег го оставил талентираниот зограф Михаил Астрапас.

### IV.1.1.5 Меки оклопи (кат. бр. 31 – 37)

Почнувајќи во XIII век, при претставување на светите воини, зографите се одлучуваат да ги опремат со таканаречени „меки оклопи“, т.е., оклопи изработени од волна, ленено платно, кожа, чоја итн.[250] Ваквите оклопи во историските извори најчесто се среќаваат под името νευρικά (неврика).[251] Примери за ваквите оклопи се Св. Нестор од „Св. Богородица Перивлепта“, непознатиот воин од нартексот на „Св. Архангел Михаил“ во Радожда, Св. Теодор Стратилат во „Св. Никола Болнички“, Св. Димитриј од „Св. Атанасиј“ во Калишта, Св. Теодор Тирон и Св. Теодор Стратилат во „Св. Никола“ во Косел и Св. Димитриј во манастирот „Сисвети“ во Лешани. Иако во лоша состојба, според ромбоидните облици на оклопот на светителот во Радожда, веројатно е дека тој носи мек оклоп. Според Грозданов, оклопот којшто го носи Св. Димитриј во црквата „Св. Атанасиј“ е метален[252], но споредувајќи ја неговата претстава, во оваа црква со претставата на светецот на една плоча изработена од стеатит која датира од

[247] Petrov, Manojlović, Trpčevska, 2015, 42
[248] Петров, 2021, 219
[249] Grotowski, 2010, 135; 155-156
[250] Ibid, 151-152
[251] Ibid, 152
[252] Грозданов, 2016, 262

XIII или XIV век, која денес се чува Палатата на оружјето во Москва[253], како и тенденцијата Св. Димитриј во уметноста на палеологовската епоха како и во поствизантиската уметност да се претставува со ваков вид на оклоп[254], може да се заклучи дека за таков оклоп се работи и во претставата во „Св. Атанасиј“ – Калишта. Истото важи и за претставата на Св. Димитриј во манастирот „Сисвети“ во Лешани.




### IV.1.1.6 Заштита за рамената и рацете

Заштитата на рамената ја извршувал посебен дел од оклопот за којшто немаме зачувано конкретен термин со тоа што неговите горни делови најверојатно биле нарекувани “μῆλα” (мила) т.е. јаболко или топка, така нарекувани поради својот облик.[255] Како што беше напоменато погоре, овој дел од оклопот најчесто се сликал во доцноантички манир претставувајќи го елементот во вид на птериги.[256] Според „Περί

[253] Grotowski, 2010, 153
[254] Ibid, 153-154
[255] Ibid, 171
[256] Ibid, 170; Parani, 2003, 108

Στρατηγικῆς“, византиски воен трактат од VI век, напишан од *Syrianus Magister*, заштитата за рамената требало да се наметне последно за да не пречи при облекувањето на остатокот од оклопот.[257] Тие се прицврстувале за градниот оклоп.[258] Се сретнува и терминот „μανίκια“ (маникиа) којшто може да се однесува на делот на оклопот што ги заштитува рамената, но и на еден вид ракави за заштита за горниот дел на рацете.[259] Работ помеѓу градниот оклоп и маникиите најчесто се претставува на неколку начини: обична лента, лента обрабена со бисери, лента со мотиви на палмети, комбинација на претходните два начини, или, пак, едноставно разделени оставајќи празнина.[260] Покрај ова, зографите честопати се одлучуваат светите воини да ги претставуваат во т.н. целосни оклопи (θώρακες τέλειοι) кои имаат кратки ракави што ја елиминираат потребата од маникиите во вооружувањето.[258]

За делот од оклопот кој го заштитува долниот дел од рацете се употребувале повеќе термини од кои најчести се μανικέλλια (маникелиа), χειρόψελλα (хиропсела) и χειρομάνικα (хироманика).[259] Тоа биле штитници за раце изработени од железо, дрво, воловска кожа и други материјали.[261] Друг облик биле и маникелите изработени од повеќе слоеви на волна и свила со тоа што меѓу слоевите би се сошила и метална плочка или плочка од некој друг тврд материјал за да им даде цврстина.[262] Ваквите маникели најверојатно ги замената тие изработени од исклучиво тврди материјали и тоа најверојатно околу X век.[263] Со токму вакви маникели се претставуваат и светите воини кои ги носат како манжетни коишто може да бидат опшиени со злато и обрабени со бисери.[264] Маникелите се чест element во сликарството и нив ги има кај сите свети воини коишто се опфатени во овој труд.

[257] Grotowski, 2010, 171
[258] Ibid, 172
[259] Ibid
[260] Ibid, 173
[258] Ibid, 174
[259] Ibid, 185
[261] Ibid
[262] Ibid, 185-186
[263] Ibid, 186
[264] Ibid, 183; 186

### IV.1.1.7 Околувратници

Во византиските извори во X век за прв пат се споменува нов дел на воена опрема – околувратниците кои служеле за заштита на вратот и брадата на воините. Тие се среќаваат под терминот μανιάκια.[265] Во претходните векови истиот термин се користел и за вид на торквес кој се носел околу вратот.[266] Кон крајот на XIII век светите воини почнале да се претставуваат и во овој нов вид воена опрема.[267] Интересен факт е тоа што во слично време и во западот на Европа почнале да се употребуваат вакви заштитни елементи што можеби ни кажува дека токму оттаму и биле преземени околувратниците.[268]

Околувратници има во претставите на Св. Прокопиј, Св. Нестор и Св. Меркуриј во „Св. Богородица Перивлепта", понатаму, Св. Димитриј во црквата „Св. Димитриј" и Св. Димитриј во „Вознесение Христово" – Лескоец. Интересен е околувратникот на Св. Нестор во „Св. Богородица Перивлепта", кој е единствен изработен од мек материјал.

## IV.1.2 Оклоп за долниот дел од телото

### IV.1.2.1 Птериги

Аналогно на претходноспоменатите штитници за рамена, пределот на препоните и бедрата исто така ги штителе птериги.[269] Во антиката тие биле израбоувани од текстил или кожа, а во средновековието од чоја.[270] Во X и XI век птеригите се состоеле од повеќе слоеви каде што врвовите / „перјата" кои виселе надолу биле засечени под агол од 45 степени, додека, пак, веќе од XII птеригите почнуваат да се претставуваат како покуси и најчесто од ист материјал како и оклопот на торзото.[271] Тие виселе од дебела хоризонтална лента која најчесто била декорирана.[272] Како што ја елиминираат

[265] Kolias, 1988, 80-81
[266] Grotowski, 2010, 294-297
[267] Parani, 2003, 116-117
[268] Ibid, 117
[269] Grotowski, 2010, 162
[270] Ibid, 163
[271] Grotowski, 2010, 163
[272] Ibid

потребата од маникии, така, целосните оклопи ги прават бескорисни и птеригите бидејќи ги штитат истите делови на телото без тоа да биде додатен дел од опремата.[273]

### IV.1.2.2 Заштита за нозете (кат. бр. 42)

Употребата на оклоп кои би ги заштитил нозете е потврдена во византиската војска во воените трактати, имено во Стратегикон (Στρατηγικόν) напишан од византискиот император Маврикиј во VI век.[274] Овој дел од опремата бил познат под повеќе имиња како античките κνεμῖδες (кнемидес), περικνεμῖδες (перикнемидес) и ὀκρίδια (окридиа), а во X век се употребуваат и термините χαλκότουβα (халкотува) и ποδόψελλα (подопсела).[275] И покрај ова, единствен пример на оклоп за нозе во опфатените споменици е тој на претставата на Св. Меркуриј (насликана во 1294/95) во „Св. Богородица Перивлепта“. Конструкцијата навидум е од метални плочи кои ги штитат бедрата, колената и потколениците.[276] Хронолошки доста блиска претстава на оваа има во Италија. Станува збор за релјеф датиран околу 1290 г. кој прикажува коњаник кој над мрежестата заштита на нозете носи и опрема доста слична на таа на Св. Меркуриј.[277]

### IV.1.3 Шлемови (кат. бр. 43 – 45)

За шлемовите Византијците имале повеќе зборови од кои најчести биле περικεφαλαία (перикефалеа), κράνος (кранос) и κόρυς (корис).[278] Шлемовите, во зависност од својата типологија, односно колкава заштита му пружат на корисникот, имаат повеќе делови, имено, калотата и наноската коишто секој шлем ги има, вратник, а понекогаш и железен ремен кој се спуштал од ободот на шлемот.[279] Под шлемовите се носела и мека заштита за да го ублажи контактот со главата.[280] Според византиските воени трактати од X век во зависност од тоа која улога ја извршувал поединецот во

[273] Grotowski, 2010, 174
[274] Маврикиј, прев. T. Dennis, 1984 ,139
[275] Grotowski, 2010, 188
[276] Parani, 2003, 122
[277] Nicolle, 1999, 225; 469; Parani, 2003, 122
[278] Kolias, 1988, 75
[279] Шкриванић, 1957, 149
[280] Kolias, 1988, 82

византиската војска, носел еден од три вида шлемови: шлемови кои ја покриваат цела глава заедно со лицето. Овие шлемови биле носени од тешката коњаница и тешката пешадија; шлемови каде што главата е покриена, но лицето е откриено, носени од страна на лесната пешадија и стрелци на коњи; и шлемови кои воопшто не ги заштитувале вратот и лицето кои биле носени од коњаница вооружана со џилити.[281] Во трактатите напишани од *Syrianus Magister* се зборува за шилзи (ξίφος) кои се наоѓале на врвот на шлемот кои во одредени ситуации можеле да се користат за забодување на непријателот.[282] Во трактатите, исто така, се зборува за украсување на шлемовите со перјаници вметнати во однапред осмислени жлебови.[283] Постоеле и шлемови изработени од меки материјали кои во изворите се спомнуваат со имињата πίλος (пилос), σκιάδιον (скиадион) и καμελαύκιον (камелавкион).[284] Во рамките на доцновизантиската уметност се јавуваат сцени во фрескосликарските ансамбли каде што се претставени и шлемови, и општо кажано вооружување, карактеристично за Западна Европа.[285] Такви примери има во сцената на Мироносици на Христовиот гроб во црквите „Св. Богородица Перивплепта“ и во „Св. Димитриј“.[286]

Свет воин којшто редовно се претставува со шлем е Св. Меркуриј. Шлемовите со коишто зографите го опремуваат се честопати нереалистични, претерано орнаментализирани и раскошни.[287] Во рамки на опфатените споменици, од редот на светите воини, шлемови имаат само претставите на Св. Меркуриј, т.е. неговите претстави во црквите „Св. Богородица Перивлепта“, „Успение на Пресвета Богородица“ – Велестово и „Вознесение Христово“– Лескоец. Шлемот на Св. Меркуриј од црквата „Вознесение Христово“ – Лескоец е речиси идентична копија од тој којшто го носи Св. Прокопиј во Лесновскиот манастир кој е насликан во 1342/43 г.[288] Единствените разлики се во колоритот, т.е. во материјалноста и во тоа што шлемот во Лескоец има поизвиени телови.

---

[281] Parani, 2003, 123
[282] Kolias, 1988, 81
[283] Parani, 2003, 123
[284] Kolias, 1988, 85
[285] Parani, 2003, 125
[286] Филипова, 2015, 106; 109
[287] Parani, 2003, 125
[288] Димитрова, Коруновски, Грандаковска, 2013, 209

Перо на шлемот има само претставата на светецот во „Вознесение Христово“ – Лескоец, но во другите две претстави стои елементот од шлемот каде што би било прицврстено перото.

### IV.1.4 Штитови (кат. бр. 46 – 76)

Штитовите можеле да бидат изработени од дрво и потоа обложени со кожа, пергамент или метал (една плоча или повеќе помали), или, пак, можеле да бидат целосно изработени од метал и на средината имале умбо (т.е. ὀμφαλός[289]).[290] Употребениот метал најчесто било железото, но за парадни штитови можеле да се употребат и бакар и злато.[291] Штитовите се состоеле од габаритот на штитот и појачана рамка наречена σιάλωμα (сиалома).[292] Во рамки на фрескосликарството ваквата рамка често е декорирана и енкрустрирана со скапоцени камења.[293] Штитовите кога не биле во употреба се носеле на кожени рамки наречени τελαμών (теламон) или ἀορτήρ (аортир).[294] Штитовите, особено триаголните и бадемовидните, честопати биле и дополнително појачувани со додатни метални рамки. Тоа често било во облик на крст, како што може да се види кај штитот на Св. Димитриј во манастирот „Сисвети“ во Лешани.

Најопштиот збор за штит во Византиското Царство бил ἀσπιίς (аспис).[295] Иако општо употребуван збор, тој најкоректно се употребувал кога се зборувало за тркалезен штит.[296] Малите тркалезни штитови со рамка се нарекувале πάρμα (парма), а тие без рамка πέλτη (пелти).[297] Големите тркалезни штитови биле носени од тешката пешадија, тркалезни штитови со средна големина користела лесната пешадија и лесната коњаница, а малите тркалезни штитови ѝ служеле лесната пешадија, а можеби само и на стрелците меѓу пешадиските редови.[298] При пренесување во ликовен медиум ваквите

[289] Grotowski, 2010, 217
[290] Шкриванић, 1957, 122; 126-127; Grotowski, 2010, 216
[291] Grotowski, 2010, 21
[292] Шкриванић, 1957, 126; Grotowski, 2010, 216
[293] Grotowski, 2010, 217
[294] Ibid, 221
[295] Ibid, 208
[296] Ibid, 211
[297] Ibid, 212-213
[298] Parani, 2003, 125-126

штитови се најчесто испакнати, т.е. конвексни.[299] Како алтернатива на тркалезните штитови тешко вооружените единици можеле да носат и големи, четириаголни штитови или, пак, триаголни штитови.[300] Други видови штитови имале други имиња. Така на пример, во IX и X век терминот θυρεός (тиреос) се користел за големи, елипсовидни штитови, за подоцна, т.е, најдоцна во XII век, истиот термин да се употребува кога се зборува за штитовите со облик на бадем со коишто Византијците најверојатно дошле во допир преку крстоносците.[301] Друга претпоставка за настанокот на ваквите штитови е дека тие се изведени од обликот на триаголниот штит.[302] *Grotowski*, пак, го предложува спротивното.[303] Овие два облика на штитови преовладувале во XIII и XIV век.[304] Тоа било случајот делумно поради реформите на Мануил I комнен кој тркалезните штитови ги заменил со штитови кои го штителе поголемиот дел од телото, најверојатно триаголни во облик.[305] Штитовите честопати биле декорирани и со разни мотиви, најчесто геометриски, а подоцна и хералдички.[306] Доколку штитот бил обложен со пергамент, тоа додатно го олеснувало декорирањето.[307]

### IV.1.4.1 Тркалезни штитови (кат. бр. 46 – 49)

Во времето на македонската и комненската династија, во средновизантиската уметност, преовладуваат тркалезни штитови со намалена големина во споредба со нивните претходници. Ваквите штитови обично се прикажувале поставени странично покрај својот сопственик и имале дијаметар од околу еден метар.[308] Претстави на свети воини со вакви штитови има само во црквата „Св. Богородица Перивлепта“ во сопственост на Св. Димитриј и Св. Александар. Помеѓу X и XII век има и ретки претстави на воини со мали овални штитови поставени фронтално.[309]

[299] Parani, 2003, 126
[300] Ibid
[301] Grotowski, 2010, 211-212
[302] Parani, 2003, 127-128
[303] Grotowski, 2010, 234
[304] Шкриванић, 1957, 123
[305] Parani, 2003, 125
[306] Grotowski, 2010, 236-250
[307] Ibid, 216
[308] Ibid, 227
[309] Ibid, 230

Единствени сличени примери што се вклопуваат во оваа тема се претставите на Св. Теодор Тирон од црквата „Св. Никола“ – Косел и на Св. Теодор Стратилат во „Св. Никола Болнички“ каде што тие пред себе држат мал тркалезен штит, најверојатно парма[310], чиј дијаметар најверојатно бил помеѓу 40 и 50 см.[311] Св. Теодор Тирон штитот го држи свртен кон себе. Претставите на вакви мали, рамни, тркалезни штитови се чести за палеологовската епоха, а во реален контекст најверојатно биле употребувани од лесната пешадија.[312] Од средината на XI век, па натаму тркалезните штитови станувaат сѐ поретки, а се зачестува појавата на бадемовидните штитови.[313]

### IV.1.4.2 Бадемовидни штитови (кат. бр. 50 – 64)

Ваквите штитови при ликовното претставување на вооружувањето се јавуваат во XI век.[314] Тоа се штитови кои се заоблени на врвот, а на дното конвергираат во една точка.[315] Географското, а и типолошкото потеклото на ваквиот вид штитови не е јасно. Како што беше споменато погоре, според *Parani*, бадемовидните штитови произлегуваат од триаголните, а според *Grotowski*, тоа е обратно.[316] Сепак, поради подоцнежната појава на триаголните штитови во ликовните претстави поверојатен е вториот исказ.[317]

Опфатените споменици заедно бројат петнаесет претстави на бадемовидни штитови, со што тие се најброен вид штит во рамките на темата. Вакви штитови има кај Св. Нестор и Св. Теодор Стратилат од „Св. Богородица Перивлепта“, кај воинот од нартексот, првиот непознат воин од наосот, Св. Теодор Тирон и Св. Теодор Стратилат од „Св. Архангел Михаил“ – Радожда, Св. Димитриј, Св. Теодор Стратилат и Св. Прокопиј во црквата „Св. Димитриј“, понатаму, Св. Теодор Стратилат, Св. Прокопиј, Св. Ѓорѓи и непознатиот воин од „Успение на Пресвета Богородица“ – Велестово, Св. Ѓорѓи од манастирот „Сисвети“ – Лешани, и Св. Прокопиј од „Вознесение Христово“ – Лескоец.

---

310 Grotowski, 2010, 225;228
311 Шкриванић, 1957, 126
312 Parani, 2003, 128-129
313 Grotowski, 2010, 230-231
314 Ibid, 231
315 Ibid
316 Parani, 2003, 127-128; Grotowski, 2010, 234
317 Grotowski, 2010, 235; Parani, 2003, 129

### IV.1.4.3 Триаголни штитови (кат. бр. 65 – 76)

Тоа се конвексни штитови со рамен или благо зашилен врв и страни коишто се спојуваат во една точка на дното.[318] По правило се силно вертикално заоблени[319], но како што можеме да видиме во претставите издвоени во овој труд, има и примери каде што се рамни. Триаголните штитови се сликаат од XII сè до XV век, со тоа што во XV век тие честопати се сликаат со намалени димензии.[320] Ваквиот облик на штит се прифатил во Византиското Царство најверојатно во XII век, а најверојатно претставува манир попримен од крстоносците.[321] Во споменици од XIII и почетокот на XIV век триаголните штитови сè почесто се претставуваат со рамен врв и со помала големина во споредба со претходните векови.[322] Во однос на големината, тоа е случајот и во нашите споменици со исклучок на единствениот светител којшто носи триаголен штит во црквата „Св. Никола Болнички“, Св. Ѓорѓи. Штитот којшто го носи е со значително поголеми димензии од штитовите на останатите издвоени свети воини стигнувајќи му до рамената.

Триаголни штитови со рамен врв има кај Св. Теодор Тирон и Св. Ѓорѓи во „Св. Богородица Перивлепта“, потоа кај Св. Ѓорѓи во „Св. Никола Болнички“ и кај Св. Димитриј и Св. Ѓорѓи во „Св. Никола“ – Косел. Штитови со зашилен врв, пак, има во склоп на претставите на Св. Ѓорѓи во црквата „Св. Димитриј“, на Св. Димитиј во „Св. Атанасиј“ – Калишта, на Св. Теодор Стратилат во „Св. Никола“ – Косел, потоа во претставата на Св. Димитриј во „Успение на Пресвета Богородица“ – Велестово и кај Св. Димитриј во манастирот „Сисвети“ – Лешани. Штит на грбот носи и вториот непознат воин од наосот на „Св. Архангел Михаил“ – Радожда, но поради оштетеноста на фигурата тешко е да се утврди за каков штит точно станува збор. Сепак, според тоа малку од штитот што останало неоштетено, најверојатно станува збор за триаголен штит со рамен врв. Посебно внимание заслужува штитот кој е насликан на претставата на Св. Ѓорѓи во „Св. Атанасиј“ – Калишта. На својот врв има полукружен засек кој

---

318 Parani, 2003, 129

319 Ibid

320 Шкриванић, 1957, 129

321 Grotowski, 2010, 234

322 Parani, 2003, 129

најверојатно би служел за потпирање на меч или копје. Во рамки на темата тој е единствен пример.




## IV.2 Оружје за напад

### IV.2.1 Мечеви и сабји (кат. бр. 77 – 100)

Мечот е оружје за напад што се користи за сечење и за бодење и има сечило со две острици. Се состои од сечилото и балчакот. Балчакот е составен од рачка, накрсница и јаболко.[323] Тие се кании наречени θηκάριον (тикарион) или κολεός (колеос) кои биле изработени од кожа, но и од дрво прекриено со текстил, на својот крај биле прекриени со парче метал, најчесто во облик на латиничната буква „U“, за да не бидат оштетени при носење.[324] Долж канијата честопати имало и метални обрачи коишто ѝ давале додатна цврстина.[325] Канијата се прицврстувала за делото со кожени врвци или

[323] Шкриванић, 1957, 35
[324] Parani, 2003, 133-134
[325] Ibid

ремчиња, исто како кај штитовите, кои знаеле да бидат и позлатени.[326] Поради недоволни археолошки наоди на византиски мечеви, главен извор за како изгледале тие ни се ликовните претстави.[327]

Во палеологовската епоха мечевите најчесто се претставувани со накрсници благо свиени накај сечилото и со јаболка во облик на диск.[328] Фактот што во овој, доцновизантиски период повеќето мечеви се со западноевропски облици, а сабјите се карактеристично влијание од Истокот, наведува на претпоставката дека поради опаднатите социо-екомонски услови во империјата во својот залез, таа сè повеќе и повеќе се потпирала на надворешниот свет за производство на ваквото оружје.[329] Во нашето поднебје досега е пронајден само еден меч кој е пронајден во кочанскиот регион.[330] Според жигот кој се наоѓа на него, тој бил изработен во германскиот град Пасау во доцниот XIV век.[331]

Во претставите на светите воини коишто овде се обработуваат има дваесет и еден меч: кај сите воини во „Св. Богородица Перивлепта", освен Св. Меркуриј, кај Св. Теодор Тирон и Св. Димитриј во „Св. Никола Болнички", потоа Св. Теодор Тирон и Св. Ѓорѓи во „Св. Атанасиј" – Калишта, сите воини во Св. Димитриј, освен Св. Теодор Стратилат, сите воини во „Св. Никола" во Косел, кај Св. Димитриј во манастирот „Сисвети" во Лешани и кај Св. Прокопиј и Св. Димитриј во „Успение на Пресвета Богородица" – Велестово. Од нив, сечилото на мечот се гледа само кај седуммина: кај Св. Нестор од „Св. Богородица Перивлепта", кај Св. Прокопиј и Св. Димитриј од „Успение на Пресвета Богородица" – Велестово, и кај четирите свети воини во „Св. Никола" во Косел. Делумната избледеност на накрсницата и целосната избледеност на јаболкото на мечот на Св. Димитриј во црквата „Успение на Пресвета Богородица" во Велестово го навело Суботиќ во својата скица на фреските да претпостави дека светителот држи некој вид копје.[332] Но, судејќи според големината и според обликот на сечилото како и слабовидливата накрсница, сепак станува збор за меч.

[326] Grotowski, 2010, 345-346
[327] Parani, 2003, 129
[328] Ibid, 135
[329] Ibid,136
[330] Микулчиќ, 1996, 90-91
[331] Ibid
[332] Суботић, 1980, 66-67

Сечилата на мечевите, во претставите во кои можат да се видат, според типологијата изнесена од *Oakeshott*, припаѓаат на два типа. Мечевите на Св. Нестор од „Св. Богородица Перивлепта“ и на Св. Прокопиј во „Успение на Пресвета Богородица“ – Велестово се најслични на типот XIIIb[333], додека, пак, останатите четири, мечовите на Св. Димитриј во „Успение на Пресвета Богородица“ – Велестово и тие на четирите воини во „Св. Никола“ во Косел најмногу наликуваат на типот X.[334]

Сечилата на мечевите можеле да бидат и испишани со разни апотропејски текстови, или, пак, едноставно со името на сопственикот.[335] Единствен меч со натпис од овие е тој на Св. Нестор во „Св. Богородица Перивлепта“.

Речиси сите накрсници на мечевите припаѓаат на стилот 7, т.е., тие се благо свиени нагоре, накај сечилото.[336] Исклучоци претставуваат накрсникот на мечот на Св. Димитриј од „Успение на Пресвета Богородица“ – Велестово и мечот на Св. Александар од „Св. Богородица Перивлепта“. Накрсникот на Св. Димитриј, иако доста избледен, се гледа дека е рамен, т.е., од стилот 1.[337] Теловите на накрсникот на Св. Александар, пак, на своите краеви остро свртуваат надолу, кон дршката. Интересно е да се спомене дека на накрсниците на мечевите на Св. Нестор, Св. Теодор Стратилат, Св. Прокопиј и Св. Димитриј од „Св. Богородица Перивлепта“ и мечот на Св. Теодор Тирон од „Св. Атанасиј“ – Калишта имаат парче кожа на нивната средина коешто, кога мечот би бил во канијата, би спречило дожд да влегува во неа.[338]

Јаболката на мечевите можеле да бидат во многу различни облици, но како што беше напоменато погоре, особено во палеологовската епоха, тие најчесто биле дисковидни.[339] Тоа е случајот и со мечевите коишто се претставени на обработените фрески. Имено, речиси сите претставени мечеви се со дисковидни јаболка кои се најслични со јаболката од тип K или J според типологијата изнесена од *Oakeshott*.[340] Двата вида се овални, т.е., дисковидни по облик и имаат испакнатост со ист облик во средината на обете страни. Двата типа јаболка се доста слични еден на друг, разликата

[333] Oakeshott, 1997, 47
[334] Ibid, 28
[335] Parani, 2003, 132
[336] Oakeshott, 1997, 116
[337] Ibid, 113
[338] Idem, 1994, 229
[339] Parani, 2003, 129
[340] Oakeshott, 1997, 96

е само во општата ширина и во големината на испакнатоста. Обете се најупотребувани помеѓу XIII и XV век.[341] Посебни примери се јаболката на мечевите на Св. Теодор Тирон од црквата „Св. Никола Болнички“ и на Св. Теодор Тирон и Св. Ѓорѓи од црквата „Св. Димитриј“. Иако тешко видливо, јаболкото кај Св. Теодор Тирон од „Св. Никола Болнички“ е по типологија најслично на типот L, т.е. трилисно.[342] Јаболката од Св. Димитриј, пак, се од типот G, т.е., едноставни дисковидни јаболка, или R, т.е. сферични, и имаат втиснати црвени крстови. Сличен мотив има и на јаболкото на мечот којшто се чува во Воениот музеј во Белград.[343] Додатно, ова јаболко има слична нитна како таа на мечот на Св. Теодор Тирон, која е насликана како скалеста пирамида. Интересно е јаболкото на мечот на Св. Нестор од „Св. Богородица Перивлепта“ од кое виси украсно ремче.

Разликата помеѓу мечот и сабјата е во тоа што сечилото на сабјата е свиено и едносеко и како такво многу подобро служи за сечење отколку за бодење. Причината за ваквото закривување е сечилото да не се заглави при сечење, што можело да се случи особено кај коњаниците.[344] Ваквите сабји во Византиското Царство се нарекувале παραμήριον (парамерион) што значи при бедрото, и како што името навестува, тие се носеле зацврстени околу појасот и виселе на страната на телото.[345] Според воениот трактат *Sylloge Tacticorum*, кој е напишан во средината на X век, византиската тешка коњаница носела еден меч којшто висел од рамото и една сабја којашто висела кај половината.[346] Како случаен наод во 2005 г. во краснодарската област во Русија е пронајдена една сабја која датира од крајот на IX или од почетокот на X век.[347] Таа е со должина од 93 см и се претпоставува дека претставува токму парамерион.[348]

Од светите воини коишто се опфатени во овој труд со парамерион се опремени само два: Св. Меркуриј во „Св. Богородица Перивлепта“ и Св. Димитриј во „Вознесение Христово“ – Лескоец. Накрсницата од парамерионот на Св. Меркуриј е иста како на повеќето од мечевите на другите свети воини, т.е. благо свиена накај сечилото (стил 7

[341] Oakeshott, 1997, 96
[342] Ibid, 97
[343] Aleksić, 2007, 55
[344] Luttwark, 2009, 372
[345] Grotowski, 2010, 357
[346] Parani, 2003, 131
[347] Баранов, 2014, 84; 87
[348] Ibid, 85; 87

според *Oakeshott*)[349]. Јаболкото на парамерионот не се гледа. Поради оштетување на фреската, накрсницата на парамерионот на Св. Димитриј не е видлива. Иако исто е оштетен делот кај јаболкото, сепак се гледа дека јаболкото е со облик на „печурка“[350] што според типологијата на *Oakeshott* му припаѓа на типот А.[351] Интересно е што Св. Димитриј својата сабја ја држи со тапиот раб нанадвор, т.е., обратно од начинот на којшто ја држи Св. Меркуриј.

### IV.2.2 Копја (кат. бр. 101 – 121)

Копјата биле употребувани од страна на тешката пешадија и на тешката коњаница.[352] Составните делови на копјето се носачот (ἀσιλίον), најчесто изработена од дрво и поретко од трска[353], и главата на копјето (ξίφος или ξιφάριον) чии составни делови се сечилото, реброто и тулецот (κουσπίον).[354] Копјето е видот на оружје којшто најчесто се среќава во претстави на светите воини.[355] Доминираат кратки копја кои се за нијанса подолги од висината на самиот воин.[356] Главата на копјето можела да биде со повеќе различни облици: во облик на лист, триаголна, ромбоидна, делтоидна итн., а меѓу тулецот и сечилото честопати можело да има и мало кружно испакнување кое било чисто декоративно.[357] Носачите на копјата најчесто се претставуваат со кафеава еднобојна линија која треба да имитира дрво, но кај копјата од црквата „Св. Димитриј“ се забележува уште една потенка и светла линија која се движи вертикално низ средината на носачите.

Сѐ ова важи и за нашите претстави. Декоративниот елемент го имаат сите копја, освен тие во „Св. Никола Болнички“ и кај копјето на Св. Димитриј во „Сисвети“ – Лешани. Облиците на главата се поделени меѓу делтоидни и ромбоидни и листовидни. Листовидни се копјата кај сите копјеносци во „Св. Богородица Перивлепта“, т.е. кај Св. Димитриј, Св. Ѓорѓи, Св. Теодор Тирон, Св. Теодор Стратилат, Св. Прокопиј и Св. Александар, кај Св. Теодор Тирон и Св. Ѓорѓи во „Св. Никола Болнички“ и кај Св.

[349] Oakeshott, 1997, 116
[350] Grotowski, 2010, 354
[351] Oakeshott, 1997, 93
[352] Parani, 2003, 139
[353] Ibid, 139-140; Микулчиќ, 1996, 88
[354] Grotowski, 2010, 357
[355] Ibid, 313
[356] Ibid, 357
[357] Parani, 2003, 139; Grotowski, 2010, 317-318

Димитриј од манастирот „Сисвети“ во Лешани. Делтоидни и ромбоидни врвови на копја, пак, има кај Св. Теодор Стратилат, Св. Теодор Тирон, Св. Прокопиј и Св. Ѓорѓи во „Св. Димитриј“, кај Св. Теодор Тирон, Св. Димитриј и Св. Ѓорѓи од „Св. Никола“ во Косел, кај Св. Ѓорѓи во „Успение на Пресвета Богородица“ – Велестово, потоа кај Св. Ѓорѓи во манастирот „Сисвети“ во Лешани и кај Св. Прокопиј, Св. Димитриј и Св. Ѓорѓи во „Вознесение Христово“ – Лескоец. Има и претстави каде што е видливо дека светиот воин бил насликан со копје, но поради оштетување или избледување на боите, врвовите на копјата, а во некои случаи и целите копја, повеќе не се видливи. Тоа се Св. Теодор Стратилат од „Св. Никола Болнички“,Св. Димитриј во „Св. Димитриј“, Св. Димитриј и Св. Ѓорѓи од „Св. Атанасиј“ – Калишта и Св. Теодор Стратилат и непознатиот воин од „Успение на Пресвета Богородица“ – Велестово.

### IV.2.3 Боздогани (кат. бр. 122 – 124)

Боздоганот претставува ударно оружје кое е составено од метална глава и метална или дрвена дршка.[358] Боздоганите со кратка дршка биле користени од коњаници, а тие со долга дршка биле користени од пешаци.[359] Називот којшто Византијците го користеле за оружјето бил βαρδούκιον (вардукион).[360] Според *Praecepta Militaria*, напишана од Никиор Фока, главите на боздоганите треба да имаат повеќе остри ребра.[361] Боздоган-шестопер (односно има шест ребра на главата), е пронајден во гробор бр. 295 од некрополата во Водоча во близина на Струмица.[362] Гробот датира од крајот на XV век и XVI век, но боздоганот, како и некои од останатите наоди, бил изработен порано при што бил подолго време во употреба, и датира од крајот на XIV век до почетокот на XV век.[363] Неговата рачка била дрвена и според нејзината претпоставена должина, бил од помалиот тип боздогани, т.е. употребуван од коњаник.[364] Во ликовните претстави на светите воини боздоганите се релативно ретки. Некои примери од Македонија се тој во претставата на Св. Ѓорѓи од манастирската

[358] Шкриванић, 1957, 86
[359] Ibid, 87
[360] Grotowski, 2010, 367
[361] Ibid; Kolias, 1988, 180-181
[362] Манева, 2008, 349
[363] Ibid, 349; 353
[364] Ibid, 351-352

црква „Св. Никита“ во скопското село Бањани, која е живописана по 1321 г[365] и боздоганот во рацете на Св. Димитриј во лунетата над западниот влез во „Марковиот манастир“, т.е., „Св. Димитриј“ во скопското село Маркова Сушица. Оваа претстава е насликана во 1377/78 г.[365]

Од претставите на светите воини коишто се опфатени со оваа тема боздоган со сигурност е претставен само во два примера: кај Св. Меркуриј во „Успение на Пресвета Богородица“ – Велестово како и во левата рака на Св. Ѓорѓи од „Св. Богородица Перивлепта“. Тој е со долга, дрвена дршка, со што важи за пешадиски боздоган. Во црквата „Сисвети“ во Лешани левата рака на Св. Ѓорѓи е поставена на ист начин како и во претставата на светецот во „Св. Богородица Перивлепта“ потпирајќи се на дршка од оружје кое со главата е потпрено на земјата. Иако сликарството каде што би била главата на оружјето во „Сисвети“ е уништено, споредувајќи ја со претходноспоменатата претстава можеме да тврдиме дека всушност станува збор за боздоган. Како и кај претставата во „Св. Богородица Перивлепта“, така и овде дршката е долга, со што се идентифицира со пешадиски боздоган, но наместо од дрво, овој пат рачката е изработена од метал. Исто од метал е изработен целиот боздоган во претставата на Св. Меркуриј. Според главите на двата боздогана – каде што се гледаат – и двата се шестопери.

### IV.2.4 Лакови и стрели (кат. бр. 125 – 134)

Поради отсуството на археолошки наоди, како и зачувани пишани извори во кои се споменуваат лаковите, за нивни опис можат да се искористат само ликовните претстави. Според нив, лакот којшто бил употребуван во Византиското Царство е лак од композитен тип[366], т.е., слоевите од кои бил сочинет лакот заедно се држат со лепило.[367] Еден лак би имал различни делови изработени од дрво, рог, метал и животински жили.[368] Кога лакот не бил затегнат со тетивата, тој бил закривен во спротивната насока.[369]Византијците својот композитен, рефлексен лак го нарекувале

[365] Димитрова, Коруновски, Грандаковска, 2013, 175
[365] Ibid, 220
[366] Kolias, 1988, 214
[367] Parani, 2003, 141
[368] Шкриванић, 1957, 103
[369] Kolias, 1988, 214

τόξον παλίντονον.[370] Тетивата (нарекувана νευρά, χορδή или κόρδα[371]) можела да биде изработена од кожа, коноп, влакна од коњска опашка или грива и други слични материјали.[372] Во трактатот *Sylloge Tacticorum* се споменува дека со лакови била опремена тешката коњаница. Нивните лакови биле со должина од 1.17 m до 1.25m.[373] Според книгата за византиски дворски обичаи *De Ceremoniis*, која е напишана во X век, во тој период Византијците веќе имале развиено свој стил на композитниот лак.[374] Кога лакот не бил во употреба, се чувал во своја посебна футрола наречена θηκάριον, θηκίον или ἡμιθήκιον којашто висела крај телото.[375]

Стрелата (βέλος[376]) е составена од дрвена прачка и метален врв кој со тулец се вметнувал во прачката.[377] На спротивниот крај на прачката биле прицврстени перките кои го стабилизирале летот на стрелата.[378] Врвовите на стрелите биле со различни облици: некои биле листовидни, ромбоидни, заоблени, а други биле во облик на кука или, пак, на закосена буква ***Z*** што ги правело исклучително тешки за вадење од телото.[379] При ископување на средновековните тврдини во Македонија како наод се среќаваат и врвови на противоклопни стрели кои се масивни и пирамидални по облик. Тие датираат од XI до XIV век.[380] Иако ретки, постоеле и врвови на стрели кои биле обложени со отров.[381] Стрелите се чувале во тоболец (κούκουρον[382]) кој бил цилиндричен или спласнат.[383] Тие можеле да се затвораат за да се спречи влегувањето на вода или испаѓањето на стрели.[384] Во нив имало место за 30 до 60 стрели.[385] Неколку железни врвови од стрели се најдени и во гробот 295 од водочката некропола, истиот гроб каде што беше пронајден и боздоганот-шестопер.[386]

[370] Grotowski, 2010, 369
[371] Kolias, 1988, 216
[372] Шкриванић, 1957, 104
[373] Parani, 2003, 141
[374] Kolias, 1988, 215
[375] Ibid, 227
[376] Ibid, 218
[377] Шкриванић, 1957, 105
[378] Ibid, 109; Kolias, 1988, 215
[379] Шкриванић, 1957, 105; Kolias, 1988, 219
[380] Микулчиќ, 1996, 89
[381] Kolias, 1988, 223-225
[382] Grotowski, 2010, 369
[383] Kolias, 1988, 228
[384] Ibid, 229
[385] Ibid, 228
[386] Манева, 2008, 349

Лаковите во иконографијата на светите воини навлегуваат дури кон крајот на XIII век како влијание од крстоносците.[387] Лакови се насликани во рамките на претставите на: Св. Ѓорѓи од „Св. Богородица Перивлепта“, Св. Димитриј од црквата „Св. Димитриј“, Св. Теодор Стратилат од „Успение на Пресвета Богородица“ – Велестово, Св. Ѓорѓи од манастирот „Сисвети“ во Лешани и Св. Меркуриј, Св. Прокопиј и Св. Ѓорѓи во „Вознесение Христово“ – Лескоец. Според начинот на којшто се насликани лаковите на Св. Теодор Стратилат во „Успение на Пресвета Богородица“ – Велестово, Св. Ѓорѓи од „Сисвети“ од Лешани, и на Св. Меркуриј и Св. Ѓорѓи од „Вознесение Христово“ – Лескоец се изработени од рог. Останатите – главно – се изработени од дрво, со тоа што лакот на Св. Ѓорѓи од „Св. Богородица Перивлепта“ на краевите е појачан со железо. Стрели се среќаваат кај Св. Ѓорѓи од „Св. Богородица Перивлепта“, кај Св. Ѓорѓи во „Сисвети“ во Лешани и Св. Меркуриј од црквата „Вознесение Христово“ во Лескоец. Од овие само стрелата којашто Св. Меркуриј ја држи во рацете не е во тоболец, но за жал, поради оштетувањето не може да се види обликот на нејзиниот врв. Стрелите во тоболецот обично се претставуваат со врвот нагоре[388], како што е и случајот кај Св. Ѓорѓи во „Сисвети“ – Лешани. Исклучок се стрелите во тоболецот на Св. Ѓорѓи од „Св. Богородица Перивлепта“, кои се претставени со перките нагоре.[389] Врвовите на стрелите кај Св. Ѓорѓи во „Сисвети“ – Лешани се со делтоиден облик. Зачувани се само футроли за лаковите во патронската претстава на црквата „Св. Димитриј“ и кај Св. Ѓорѓи во „Сисвети“ – Лешани. Св. Ѓорѓи тука има иста поставеност на тоболецот и лакот во футролата како и претставата на Св. Никита во истоимената црква во Бањани.

[387] Grotowski, 2010, 373-374; Parani, 2003, 142
[388] Parani, 2003, 142
[389] Ibid

ВИДОВИ НАПАДНО ОРУЖЈЕ



## **Завршни согледувања**:

Поради историските и општествените околности на овие простори од воспоставувањето на османлиската контрола, па сè до ден-денес, огромен процент од движечкото културно наследство од средновековието е уништено. Особено тука страдале предметите кои биле изработени од благородни метали и скапоцени или полускапоцени камења и предметите кои биле изработени од материјали коишто би можеле да се употребат. Во таа категорија спаѓа и секаков вид одбранбено оружје како и оружјето за напад. Освен неколку примери коишто можат на прсти да се избројат како боздоганот-шестопер од водочката некропола и мечот-волчјак кој е пронајден во Кочанско, речиси ништо од средновековното вооружување не е пронајдено во Македонија.

Редок поглед на овој изгубен дел од минатото ни пружаат фрескосликарските ансамбли во црквите. Воената опрема своето место го наоѓа во многу различни сцени на живописот, но најеклатантен пример за претстави на вооружување се фигурите на светите воини. Овие фрески ни се од особено значење за познавањето на облиците вооружување во средниот век, особено на тоа во Византиското Царство бидејќи зографите, особено во XV век, понекогаш ваквите претстави на воена опрема ги шематизираат и ги поедностануваат. Но, и покрај тоа, најголемиот дел од насликаната воена опрема е реалистична и своевремена, т.е., зографите воената опрема ја сликале онаква каква што била во времето кога тие ги живописувале дадените храмови.

Поради ваквата реалистичност, можеме да воочиме неколку видови оклопи: мускуларен панцир, крлушест оклоп, ламеларен оклоп, оклопи изработени од меки материјали и панцирни кошули. Од овие видови оклопи во средновековието изостанува мускуларниот панцир кој излегува од употреба уште во VI век. Тенденцијата светите воини и понатаму да се претставуваат со ваков оклоп го рефлектира времето во кое изворно живееле, т.е. III или IV век, како и високиот ранг со кој овој вид оклоп бил асоциран. Убедливо, најчест вид оклоп со кој се претставуваат светите воини е ламеларниот оклоп. Од 41 фигура на свети воини што ги обработува овој труд, осумнаесет се насликани со ламеларен оклоп. Иако ретки, се претставуваат и шлемови, главно во рамките на претставите на Св. Меркуриј. Кај истиот светец, во неговата претстава во црквата „Св. Богородица Перивлепта“ е и единствената претстава на заштита за нозете која нема аналогија кај други фигури на свети воини бидејќи, како елемент на вооружувањето, своето потекло најверојатно го влече од Западот. За да се заокружи – во потполност – опремата за одбрана, повеќето свети воини се опремени и со штитови. Доминираат бадемовидните

штитови, така што од 31 претстава на штит дури петнаесет се бадемовидни. Се разбира, еден свет воин не може да биде вооружан без да му биде дадено и оружје за напад. Повеќето свети воини се опремени со повеќе видови оружје, но некои само со едно. Најмногу свети воини се прикажани со копје, дури 27, потоа 20 со мечеви, 2 со сабји, 8 лакови и само 3 боздогани. Ова го прави боздоганот најредок вид оружје со којшто светите воини се претставуваат во хронолошко-географските рамки коишто ги опфаќа оваа тема.

Реалистичниот манир при прикажување на воената опрема ни овозможува дијахрониски да ја следиме нејзината промена. Така, можеме да забележиме влијанија како од Истокот така и од Западот. Имено, парамерионот, закривената сабја, којашто ја употребувале Византијците, во употреба влегла со влијание на разните азијатски, номадски народи со кои Византиското Царство се борело низ вековите. Аналогно на тоа, од крстоносците биле попримени триаголниот и бадемовидниот штит како и манирот на претставување на хералднички претстави врз нив. Неизоставен дел на ваквиот преглед се и мечевите кои во голема мера ги преземаат западните облици и типологии. Тоа се однесува дури и на накрсниците и на јаболката, но и на поспецифични и помалку воочливи детали. Имено, на неколку мечеви од „Св. Богородица  Перивлепта“ и еден меч од „Св. Атанасиј“– Калишта, насликано е парче кожа на накрсницата од мечот која би спречила – во канијата – да влезе вода кога тој бил во неа. Ова е поприсутен елемент во западните мечеви.

Се разбира, скромноста на археолошки материјал кој би придонесол во проучувањето на средновековното вооружување и воената опрема е поразителна. Но, комбинацијата на историските извори, главно воените трактати, со ваквите вооружени претстави на светите воини ни овозможува да бидеме запознаени со разните облици на средновековното вооружување како и на неговите елементи со цел кога евентуално во иднината ќе се дојде до такво исклучително ретко откритие, да можеме да имаме научна граѓа со која би можеле да го споредиме и веродостојно да го обработиме.

# Каталог

**1. Оклоп**



**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Мускуларен панцир изработен од кожа. Со длабење се изведени стилизирани фитоморфни мотиви. Во пределот на градите е појачан со метална квадратна плоча во која концентрично се прикажани уште три помали квадрати и под неа, хоризонтално, поставен метален обрач на кој се изведени фитоморфни мотиви и средишно ромбоидно испакнување. Маникелите се изведени од издолжени ламели. На рамената и под половината има по два слоја на птериги, првиот во вид на црвенкасти перја и вториот во вид на кафеави ламели. Ламелите од вториот слој на рамениците на краевите се засечени под агол од 45 степени. Ламелите од птеригите под појасот на краевите се заоблени.

**2. Оклоп**



**Воин:** Св. Александар

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Мускуларен панцир кај кој на страните и рабовите со железо се изведени крупни фитоморфни мотиви налик на листови. Во горниот дел на градите појачан е со метална плоча во облик на знакот плус, а во долниот дел на градите е појачан со хоризонтален обрач од црвеникава кожа на која се врежани фитоморфни мотиви и две вертикални линии во средината. На рамената и под појасот има црвеникави птериги во вид на перја.

**3. Оклоп**

**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Св. Димитриј“

**Датација:** Втората половина на XIV век;



**Опис:** Кожен мускуларен панцир на кој со длабење долж страните и рабовите се изведени фироморфни мотиви. Има околувратник, кој се издигнува како висока јака која напред се преклопува со тоа што левата страна ја поклопува десната. Работ помеѓу оклопот и маникелите е изведен во облик на железни птериги. Самите маникели се претставени со три реда и три колони од по 3 ламели. Границата помеѓу оклопот и птеригите над нозете е претставен како метална запчеста лента.

**4. Оклоп**

**Воин:** Св. Прокопиј

**Црква:** „Св. Димитриј“

**Датација:** Втората половина на XIV век;



**Опис:** Кожен мускуларен панцир на кој со длабење долж страните и рабовите се изведени фироморфни мотиви. Во пределот на градите е појачан со хоризонтален метален обрач декориран со свиени линии и брадавичеста декорација. Работ кај вратот е доста раскошно орнаментиран и концентрчно, со помала големина се редуплицира сам во себе. Рабовите помеѓу маникелите и птеригите се изведени на ист начин. Маникелите се насликани како ламели што се преклопуваат, со различен број на секој ракав. Птеригите се издолжени ламели кои се заоблени на своите краеви.

**5. Оклоп**

**Воин:** Св. Теодор Тирон

**Црква:** „Св. Никола Болнички“

**Датација:** 1335/36 г.

**Опис:** Мускуларен панцир чиишто страни се изведени со порабување со метал. Долниот раб од страната на птеригите е прикажан како низа од кратки, но широки ламели. На десното рамо светителот носи штитник под кој има ред од кратки ламели. Десната маникија е изведена од колони од по три плочки.



**6. Оклоп**

**Воин:** Св. Прокопиј

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Кожен крлушест оклоп кој е составен од плочки кои се со облик на латиничната буква ***U*** свртена опаку. Има метален околувратник кој се состои од 11 ламели со различна дебелина и големина и има кружен обрач, кој ги држи во место. Ламелите го прекриваат и горниот дел на градите и дел од рамената. Околувратникот се издигнува околу вратот како јака. Рабовите помеѓу оклопот и маникиите и оклопот и птеригите е во вид на метални перја. Маникиите се изработени од подолги ламели чиишто краеви се засечени под агол од 45 степени. Птеригите се во вид на долги ламели со заоблени краеви.



**7. Оклоп**



**Воин:** Св. Меркуриј

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Кожен крлушест оклоп над кој е наметнат епилорикион. Има околувратник кој е сочинет од 11 ламели. Околувратникот од остатокот на оклопот визуелно е одвоен со тенок кожен обрач. На рамениците има птериги во вид на метални перја, а на левата рака има уште еден слој од кожени птериги. Маникиите се изработени од долги ламели со благо заострен врв. Под појасот има 3 слоја на птериги. Првиот слој е светлокафеав и е сочинет од 14 ламели, вториот слој е сив и е сочинет од 23 ламели, и третиот слој е темнокафеав и е сочинет од 23 ламели. Ламелите се со различни должини и ширини, а краевите се разновидни, некои се рамни, некои зашилени, некои засечени под агол од 45 степени, а некои се заоблени.

**8. Оклоп**



**Воин:** Св. Теодор Стратилат

**Црква:** „Св. Димитриј“

**Датација:** Втората половина на XIV век;

**Опис:** Крлушест оклоп составен од плочки во облик на латиничната буква ***U*** кои дијагонално се протегаат од левото рамо на светителот накај неговата десна страна. Во пределот на градите е појачан со хоризонтален метален обрач кој е декориран со свиени линии и во средината шилесто испакнување до кое стои по еден вертикално поставен квадар. Рабовите на оклопот со маникиите и птеригите се силно орнаментализирани и

метални. Едната видлива маникија се состои од колони од по 3 плочки кои се преклопуваат.

**9. Оклоп**



**Воин:** Св. Меркуриј

**Црква:** „Успение на Пресвета Богородица“ - Велестово

**Датација:** 1444 г.

**Опис:** Кожен крлушест оклоп составен од плочки во облик на латиничната буква ***U*** кои се движат во сите насоки. Околу долниот дел на градите има хоризонтален обрач од посветла кожа кој на средината како декорација има ромб, а од обете страни на ромбот стојат шематизирани фитоморфни мотиви. Маникиите се составени од 3 реда плочки, меѓу кои, хоризонтално, има кожени граничници, од кои првиот ред плочки е изработен од посветла кожа.

**10. Оклоп**



**Воин:** Св. Прокопиј

**Црква:** „Успение на Пресвета Богородица“ - Велестово

**Датација:** 1444 г.

**Опис:** Кожен крлушест оклоп составен од долги ламели со заоблен крај кои се движат зрачесто околу кружна средина која е во градниот предел. Градниот предел е појачан со хоризонтален метален обрач кој е декориран со стилизирани фитоморфни мотиви. Рабовите на рамената се претставени со метални ламели со заоблен крај. Левата маникија е крлушеста составена од долги и тенки ламели со заоблен крај, а десната маникија е сочинета од колони од по две квадратни ламели меѓу кои, по хоризонталната линија има метални граничници.

**11. Оклоп**



**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Кожен ламеларен оклоп составен од четириаголни ламели со благо заоблени долни краеви. Во пределот наградите е појачан со хоризонтален метален обрач кој е декориран со тенки и дебели вертикални и хоризонтални линии и квадари. Околу горниот раб на оклопот радијално се поставени 6 ламели чиишто краеви се засечени под агол од 45 степени. Слични такви ламели, но овој пат подолги во обата краја засечени, во ист број се наредени и долж долниот раб на оклопот и тие продолжуваат долу над птеригите. Работ кај рамената и под појасот е обележан со птериги со винолика боја кои наликуваат на перја. Маникиите се изведени како два слоја на птериги составени од малку подолги и потенки ламели со заоблени краеви. Исто се изведени и долните птериги.

**12. Оклоп**



**Воин:** Св. Теодор Стратилат

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Кожен ламеларен оклоп составен од квадратни ламели кои во себе, концентрично, имаат уште два помали квадрати. Во долниот дел на градите е појачан со хоризонтален метален обрач кој е декориран со свиени и прави линии како и со трапез на средината. На левото рамо има заштита од мек материјал. Рабовите на рамената се изведени како кратки, сиви, наизменично тенки и дебели птериги. Појасот е раскошно украсен, така што во обата правца, накај торзото

и накај бедрата се шири во вид на перја. Маникиите се составени од долги ламели чијшто крај е засечен под агол од 45 степени.

**13. Оклоп**



**Воин:** Св. Теодор Тирон

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/1295 г.

**Опис:** Кожен ламеларен оклоп кој е составен од ромбоидни плочки кои дијагонално се движат од горната лева страна на светителот, па надесно. Тие хоризонтално, една од друга, се одвоени со метални граничници. Работ на оклопот околу вратот е изведен во вид на лента кој кај рамениците и кај градите се проширува запчесто. Рабовите на оклопот кај рамената како и долниот раб се изведени од кратки ламели со заоблени или рамни краеви. Десната маникија е составена од колони од по 3 плочки со метални граничници помеѓу колоните, додека, пак, десната е прикажана како два слоја на подолги ламели со заоблени краеви. Птеригите под појасот се поделени на пола. Десната половина има два слоја птериги од кои горниот се кафеави ламели со заоблени краеви или засечени краеви под агол од 45 степени, додека, пак, вториот слој се ламели подолги и потенки од тие на првиот слој, со кафеава или со сива боја и со заоблени краеви. Левата половина на птеригите се долги кафеави ламели чиишто краеви се засечени под агол од 45 степени.

**14. Оклоп**



**Воин:** Св. Теодор Тирон

**Црква:** „Св. Димитриј"

**Датација:** Втората половина на XIV век;

**Опис:** Кожен ламеларен оклоп кој е составен од плочки кои се шират дијагонално од левото рамо на светителот. Плочките на својот долен дел имаат испакнување, а на својот врв имаат вдлабнување за да можат меѓусебно да се спојат. Колоните на плочки се скоро секаде претставени наизменично со темна и светла боја. Рабовите кај рамената и околу вратот се изведени со едноставни метални обрачи, додека, пак, тој кај половината е изведен како метална запчеста лента. Маникиите и птеригите под појасот се изведени крлушесто, од ламели во облик на латиничната буква ***U***.

**15. Оклоп**



**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Св. Димитриј"

**Датација:** Втората половина на XIV век;

**Опис:** Кожен ламеларен оклоп чии плочки зрачесто се шират од центарот на градниот кош нанадвор. Плочките на својот долен дел имаат испакнување, а на својот врв имаат вдлабнување за да можат меѓусебно да се спојат. Колоните на плочните се некаде со посветла, а некаде со потемна боја. Во пределот на градите оклопот е појачан со метален обрач декориран со свиени линии. Работ на оклопот кај вратот е мошне раскошно орнаментиран и концентрично, со помала големина, се редуплицира сам во себе. Рабовите помеѓу маникелите и птеригите се изведени на ист начин. Маникелите и

птеригите се изведени од ист вид плочки како и оклопот со тоа што маникелите имаат по три колони од вакви плочки.

**16. Оклоп**



**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Св. Никола Болнички“

**Датација:** 1335/36 г.

**Опис:** Кожен ламеларен оклоп составен од четириаголни ламели чии долни ќошеви се благо заоблени. Во пределот на градите е појачан со хоризонтален обрач од црвеникава кожа. Од иста кожа е изработен и работ околу вратот кој е во вид на запчеста лента. Останатите рабови и краевите на оклопот се стилизирани и се изработени од метал. Бидејќи маникиите и птеригите се прикажани како одвоени од оклопот и тие имаат раб кој е исто изведен. Маникиите и птеригите се изведени крлушесто од подолги и потенки ламели со заоблени краеви.

**17. Оклоп**



**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Св. Никола Болнички“

**Датација:** 1335/36 г.

**Опис:** Кожен ламеларен оклоп составен од квадратни ламели кои вертикално и хоризонтално меѓу себе имаат кожени граничници. Околу градите оклопот е појачан со хоризонтален обрач од црвеникава кожа. Од иста кожа е изработен и работ околу вратот кој на градите се спушта со три декоративни изданоци. Работ на оклопот со птеригите е метален и е орнаментално изведен на страната на птеригите. Самите птериги се од кожа со различна нијанса во споредба со оклопот и тие се со рамни краеви.

**18. Оклоп**

**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Св. Атанасиј“ - Калишта

**Датација:** Седумдесеттите години на XIV век;



**Опис:** Ламеларен оклоп составен од квадратни плочи кои хоризонтално една од друга се одделени со метални граничници. На градите оклопот е појачан со хоризонтален метален обрач кој е декориран со свиени линии. Работ околу вратот е едноставна метална лента, а работ на ракавот е во вид на запчеста лента. Краевите на оклопот се декорирани со стилизирани мотиви, исто така, од кожа. Од долниот дел на работ има извиен изданок. Долниот раб од страната на птеригите, пак, е метален и стилизиран на ист начин. Птеригите и маникијата се составени од поиздолжени ламели со заоблен крај меѓу кои има метални граничници. Маникиите се составени од колони од по три плочки, а птеригите имаат два слоја.

**19. Оклоп**

**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Св. Никола“ - Косел

**Датација:** Средината на XV век;



**Опис:** Кожен ламеларен оклоп кој во пределот на градите е појачан со хоризонтален метален обрач. Рабовите околу вратот и кај рамената се изведени од метал и во вид на запчеста лента. Долниот раб, кај птеригите, е едноставна метална лента. Птеригите и маникиите се составени од подолги ламели со израмнет крај.

**20. Оклоп**



**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Св. Никола“ - Косел

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** Кожен ламеларен оклоп кој во пределот на градите е појачан со хоризонтален метален обрач. Прекривајќи ги рамената и просторот околу вратот е метална плоча која има извлечени делови кај рамениците и е декорирана со нешто што наликува на низа од превртени ***Ω***. Работ кај рамената е едноставен метален обрач, а тој кај птеригите е во вид на запчеста лента. Маникиите се составени од подолги ламели со рамни краеви, а птеригите ги сочинуваат шест долги и широки ламели со заоблени краеви.

**21. Оклоп**



**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Успение на Пресвета Богородица“ - Велестово

**Датација:** 1444 г.

**Опис:** Кожен ламеларен оклоп чии плочки зрачесто се шират од центарот на градниот кош нанадвор. Оклопот е појачан од два дијагонално поставени метални обрачи кои во средината на градниот кош се спојуваат со ромбоидна плоча. Рабовите кај рамената се во вид на метални квадратни ламели. Маникелите се составени од квадратни ламели кои во хоризонтала една од друга се разделени со кожени граничници.

**22. Оклоп**

**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Успение на Пресвета Богородица“ - Велестово

**Датација:** 1444 г.



**Опис:** Кожен ламеларен оклоп кој во долниот дел на градиот кош е појачан со хоризонтален метален обрач. Овој обрач е декориран со стилизирани фитоморфни мотиви. Околу работ на вратот поставен е прстен од метални ламели со заоблен крај и перфорација на врвот. Работ кај рамената е изведен со кратки птериги. Маникелите се составени од колони од по триквадратни ламели.

**23. Оклоп**

**Воин:** Непознат воин

**Црква:** „Успение на Пресвета Богородица“ - Велестово

**Датација:** 1444 г.



**Опис:** Кожен ламеларен оклоп. За појачување има метален обрач кој дијагонално се спушта од левото рамо на светителот. Работ околу вратот и кај левата маникела се едноставни метални ленти.

**24. Оклоп**

**Воин:** Св. Меркуриј

**Црква:** „Вознесение Христово“ - Лескоец

**Датација:** 1461/62 г.

**Опис:** Оштетена претстава. Тоа е кожен ламеларен панцир. Птеригите се состојат од повеќе слоеви на квадратни плочки.



**25. Оклоп**

**Воин:** Св. Прокопиј

**Црква:** „Вознесение Христово“ - Лескоец

**Датација:** 1461/62 г.



**Опис:** Кожен ламеларен оклоп кој како појачување има два појаса кои се изработени од потемна кожа, а и самите тие се Појачани со метал. Појасите дијагонално се спуштаат од обете рамена на светителот. Тие се сретнуваат во средината на градниот кош каде што се закопчуваат со црн појас. Работ на оклопот кај рамената е во вид на метална запчеста трака со доста високи запци.

**26. Оклоп**



**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Вознесение Христово“ - Лескоец

**Датација:** 1461/62 г.

**Опис:** Метален ламеларен оклоп кај кого плочките се квадратни по облик.Оклопот има околувратник кој е сочинет од поголем број помали ламели чии врвови се благо закосени. Околувратникот од останатиот дел на оклопот е визуелно одвоен со едноставна метална лента. Од појасот нагоре, накај торзото се издигнува триаголен изданок.

**27. Оклоп**



**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Вознесение Христово“-Лескоец

**Датација:** 1461/62 г.

**Опис:** Оштетена претстава. Ламеларен оклоп. Работ околу вратот на оклопот е едноставна метална лента. Ист е случајот со рабовите кај рамената. Маникиите се составени од квадратни плочи меѓу кои хоризонтално има метални граничници.

**28. Оклоп**



**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Сисвети“ - Лешани

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** Кожен ламеларен оклоп кој е сочинет од многубројни, ситни, квадратни ламели. Оклопот во пределот на градите е појачан со две квадратни плочи, а преку поголемата, долната плоча хоризонтално се протега и прекршен, метален обрач со три страни. На левата и десната страна се врежани криви линии, а на средната има шилесто искапнување. Работ околу вратот е во вид на дебел метален обрач кој е декориран со стилизирани фитоморфни мотиви. Рабовите на рамената се два слоја од забчасти траки со тоа што во средиштата на запците има уште еден додатен забец. Работ кај појасот, од страната на птеригите е исто изведен, само во еден слој. Маникиите се по два дебели кожени обрачи кои хоризонтално ја обиколуваат раката. Птеригите се крлушести од голем број ситни ламели.

**29. Оклоп**



**Воин:** Св. Меркуриј

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Железна панцирна кошула која од надворешна страна е опшиена на црвенкаста кошула која е закопчана со пет копчиња.

**30. Оклоп**



**Воин:** Св. Теодор Стратилат

**Црква:** „Успение на Пресвета Богородица“ - Велестово

**Датација:** 1450/51 г.

**Опис:** Железна панцирна кошула која во пределот на градите е појачана со хоризонтален кожен обрач. Обрачот е декориран со две вертикални линии на средината и од обете страни свиени линии. Работ помеѓу десната маникела и панцирната кошула е од доста кратки, но широки кожени ламели, а на работ на левата маникела е од кратки ламели со темносива боја. Маникелите се составени од колони со по три темносиви плочи чии краеви се засечени под агол од 45 степени и меѓу кои хоризонтално има граничници од ист материјал..

**31. Оклоп**



**Воин:** Св. Нестор

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Мек оклоп изработен од жолтеникава ткаенина декорирана со мотиви на ромбови со винолика боја, а околу градите има насликано линија со иста боја. Оклопот има околувратник од ист материјал како и остатокот од оклопот. Околувратникот е претставен како текстил свиен трипати за да го покрие целиот врат. Работ на оклопот кај рамената е во вид на ламели со винолика боја кои имитираат перја. Маникиите се во вид на долги кожени ламели со благо заострени врвови. Птеригите под појасот се два

слоја на ламели кои имитираат перја со тоа што горниот слој е со кафеава боја, а долниот со сива.



**32. Оклоп**

**Воин:** Непознат воин од нартексот

**Црква:** „Св. Архангел Михаил“ - Радожда

**Датација:** XV век;

**Опис:** Делумно оштетена. Мек оклоп со ромбоиди со вткаена ромбоидна шема. На левото рамо има метален штитник. Работ кај рамената е во вид на метална запчеста лента со тоа што од средината на запците се издигнува уште еден помал забец. Маникиите се составени од долги ламели со зарамнет врв. Од ист вид ламели се и птеригите под појасот.



**33. Оклоп**

**Воин:** Св. Теодор Стратилат

**Црква:** „Св. Никола Болнички“

**Датација:** 1335/36 г.

**Опис:** Мек оклоп со ромбоиди со вткаена ромбоидна шема. Во пределот на градите оклопот е појачан со хоризонтален метален обрач. Работ околу вратот и рабовите кај рамената се едноставни метални ленти. Работ под појасот, од страна на птеригите е метален и стилизиран со извиени телови. Птеригите се од долги кожени ламели со благо заострени врвови.

**34. Оклоп**

**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Св. Атанасиј“ - Калишта

**Датација:** Седумдесеттите години на XIV век;



**Опис:** Мек оклоп со вткаена ромбоидна шема. Во пределот на градите е појачан со хоризонтален метален обрач. Работ на оклопот околу вратот е изведен во вид на дебела метална лента која е декорирана со свиени линии и има една линија која во долниот дел на работ го следи долж целата своја должина. Работ кај рамената е во вид на метална запчеста лента, а работ под појасот, од страна на птеригите е метален и стилизиран со извиени телови. Маникиите се изведени од колони од по две плочки чии ќошеви на краевите се заоблени, а меѓу нив во хоризонтала има метални граничници. Птеригите се изработени од исти вакви ламели.

**35. Оклоп**



**Воин:** Св. Теодор Стратилат

**Црква:** „Св. Никола“ - Косел

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** : Мек оклоп со ромбоиди со вткаена ромбоидна шема. Во пределот на градите оклопот е појачан со хоризонтален метален обрач. Рабовите кај вратот и десното рамо се во вид на метални запчести ленти, додека, пак, кај левото рамо е лента од триаголници. Работ кај појасот е едноставна метална лента. Маникиите се изработени од долги кожени ламели со зарамнети краеви.

**36. Оклоп**



**Воин:** Св. Теодор Тирон

**Црква:** „Св. Никола“ - Косел

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис: :** Мек оклоп со ромбоиди со вткаена ромбоидна шема. Во пределот на градите оклопот е појачан со хоризонтален метален обрач кој е декориран со свиени линии. Рабовите кај вратот и рамената се во вид на запчести метални ленти. Работ кај појасот е едноставна метална лента. Маникиите се изработени од долги кожени ламели со зарамнети краеви. Птеригите се изработени од три реда од по три квадратни, кожени плочки.

**37. Оклоп**



**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Сисвети“ - Лешани

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** Мек оклоп со ромбоиди со вткаена ромбоидна шема. Во пределот на градите оклопот е појачан со хоризонтален кожен обрач кој е декориран со четири кругови, по два од обете страни на средишнопоставениот ромб. Рабовите на оклопот кај вратот и рамото се едноставни кожени обрачи. Маникиите се изработени од долги кожени ламели. Појасот е украсен, така што во обата правца накај торзото и накај бедрата се шират кратки ламели кои имитираат перја. Птеригите се изработени од подолги кожени ламели со зеленкаста боја чии врвови се рамни

**38. Оклоп**

**Воин:** Првиот непознат воин од наосот

**Црква: „**Св. Архангел Михаил“ - Радожда

**Датација:** XIV век;

**Опис:** Оштетена претстава. Не е видливо за каков оклоп се работи. Видливо е дека работ околу вратот е едноставна метална лента, а работ кај рамото е во вид на кратки метални ламели. Маникиите се изработени од кожени квадратни плочки



**39. Оклоп**

**Воин:** Св. Теодор Тирон

**Црква:** „Св. Архангел Михаил“ - Радожда

**Датација:** XIV век;

**Опис:** Оштетена претстава. Не е видливо за каков оклоп се работи. Видливо е дека работ околу вратот е едноставна метална лента, а работ кај рамото е во вид на кратки метални ламели. Маникиите се изработени од повеќе кожени ламели чии краеви се засечени под агол од 45 степени.



**40. Оклоп**

**Воин:** Св. Теодор Стратилат

**Црква:** „Св. Архангел Михаил“ - Радожда

**Датација:** XIV век;

**Опис:** Оштетена претстава. Не е видливо за каков оклоп се работи. Видливо е дека рабовите околу вратот и кај рамената се едноставни метални ленти. Маникиите се крлушести и се изработени од метални плочки во облик на латиничната буква ***U***.



**41. Оклоп**

**Воин:** Вториот непознат воин од наосот

**Црква:** „Св. Архангел Михаил“ - Радожда

**Датација:** XIV век;

**Опис:** Оштетена претстава. Не е видливо за каков оклоп се работи. Видливо е дека рабовите околу вратот и кај рамената се во вид на едноставни метални ленти. Маникиите се во вид на црвеникави птериги кои имитираат перја.



**42. Штитници за нозете**

**Воин:** Св. Меркуриј

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Метални плочи кои се движат долж целата видлива должина на ногата и со тоа го заштитуваат целиот нејзин преден дел. Овие плочи се стилизирани, така што странично се разгрануваат во разни завиени телови и изданоци со зарамнети врвови.



## Шлемови

**43. Шлем**

**Воин:** Св. Меркуриј

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.



**Опис:** Метален шлем кој е составен од калота и обрач.Калотата вертикално долж своето средиште има лента која е декорирана со кратки хоризонтални линии кои се наредени во вертикална колона. Од левата страна на лентата стои истата декорација. Од десната страна, пак, ваквата декорација е вметната во поле со облик на четвртина од круг. На врвот од калотата има висок брадавичест изданок за кој би се прицврстувале перја. Обрачот е шестаголен по облик. Тој има две паралелни линии. кои хоризонтално се движат долж целата негова должина. Помеѓу овие две линии има геометриски декорации, т.е. парови од вертикални линии – ромбови и квадрат. Обрачот од внатрешната страна е обоен црвено.

**44. Шлем**

**Воин:** Св. Меркуриј

**Црква:** „Успение на Пресвета Богородица“ - Велестово

**Датација:** 1444 г.



**Опис:** Метален шлем кој е составен од калота и обрач. Калотата вертикално долж своето средиште има лента која е декорирана со фитоморфни мотиви. На врвот на калотата има доста висок изданок со топчест врв. За овој изданок би се прицврстувале перја. Обрачот е едноставен и тркалезен по облик.

**45. Шлем**

**Воин:** Св.Меркуриј

**Црква:** „Вознесение Христово“ - Лескоец

**Датација:** 1461/62 г.



**Опис:** Метален шлем кој е составен од калота и од обрач. Калотата вертикално долж своето средиште има лента која е декорирана со фитоморфни мотиви. Од врвот на калотата се издигнува големо сиво перо. Помеѓу калотата и обрачот има шестаголна лента со бисерна опшивка. Обрачот во основа е шестаголен со тоа што од страните се шират долги извиени телови.

**46. Штит**



**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Поголем, конвексен, кружен штит чие лице е декорирано со стилизирани фитоморфни мотиви. Сретиштето на штитот, т.е. умбото е златно и со црна боја е декорирано со фитоморфни мотиви. Рамката на штитот е исто така златна и долж неа се протега натпис.

**47. Штит**



**Воин:** Св. Александар

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Поголем, конвексен, кружен штит. Лицето на штитот има три декоративни зони. Првата, најоддалечената од средиштето е сочинета од радијално поставени ламели со винолика боја чии краеви се засечени под агол од 45 степени. Следната зона е во вид на поле со винолика боја и аморфна надворешна линија. Последната зона, таа што е најблиско до средиштето, е сочинета од златни ламели кои се кратки, пошироки и со заоблени краеви, во облик на рибина крлушка, а меѓу нив има златни граничници. Средиштето на штитот, т.е., умбото е со црвена боја и е декорирано со фитоморфни мотиви во потемна боја. Рамката на штитот е златна и е декорирана со спирални линии.

**48. Штит**

**Воин:** Св. Теодор Стратилат

**Црква:** „Св. Никола Болнички"

**Датација:** 1335/36 г.

**Опис:** Мал кружен штит. Лицето на штитот е исполнет со ламели кај кој едниот крај е стеснат зашилен, а другиот широк и рамен. Тие се поставени накосо и радијално околу средишната точка на штитот. Рамката на штитот е златна и долж нејзината средина се протега една лента.



**49. Штит**

**Воин:** Св. Теодор Тирон

**Црква:** „Св. Никола" - Косел

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** Штитот е прикажан со внатрешната страна нанапред. Тој во средината има метална дршка. Прикажаната страна на штитот е поделена на две зони од концентрични кругови. Првата, поголемата, е бела површина во вид на прстен и е декорирана со сива брановидна линија која се движи низ нејзината должина.



**50. Штит**

**Воин:** Св. Нестор

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Бадемовиден штит кој со кожени ремчиња е врзан за левата рака на светителот. Видлива е неговата внатрешна страна која е метална. Во поле коешто го следи горниот свијок на штит се протега натпис. Натписот со остатокот од внатрешноста на штитот е одвоен со вдлабнување паралелно на него. Рамката на штитот е златна и е декорирана со фироморфни мотиви во црна боја.



**51. Штит**

**Воин:** Св. Теодор Стратилат

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Бадемовиден штит кој со кожени ремчиња е врзан за десната рака на светителот. Видлива е неговата внатрешна страна која е метална. Радијално се поставени големи ламели чии краеви се засечени под агол од 45 степени. Рамката на штитот е златна и е декорирана со фироморфни мотиви во златна боја.



**52. Штит**

**Воин:** Непознат воин од нартексот

**Црква:** „Св. Архангел Михаил“ - Радожда

**Датација:** XV век;

**Опис:** Бадемовиден штит кај кого се гледа внатрешната страна. Таа е со бела боја. Рамката е со кафеава боја и таа е изведена, така што наликува на низа на квадратни плочки.



**53. Штит**

**Воин:** Првиот непознат воин од наосот

**Црква:** „Св. Архангел Михаил“ - Радожда

**Датација:** XIV век;

**Опис:** Оштетена претстава. Бадемовиден штит кај кого се гледа внатрешната страна. Таа е со бела боја. Рамката е со кафеава боја.



**54. Штит**

**Воин:** Св. Теодор Тирон

**Црква:** „Св. Архангел Михаил“ - Радожда

**Датација:** XIV век;

**Опис:** Бадемовиден штит кај кого се гледа внатрешната страна. Таа е со кафеава боја. Под рамката, метална лента го следи свијокот на горниот дел од штитот. Рамката е златна и во нејзиниот среден дел, низ нејзината должина, се протега бело поле кое е исполнето со натпис.



**55. Штит**

**Воин:** Св. Теодор Стратилат

**Црква:** „Св. Архангел Михаил“ - Радожда

**Датација:** XIV век;

**Опис:** Оштетена претстава. Бадемовиден штит кај кого се гледа внатрешната страна. Видливи се остатоци од бела боја. Со кафеава боја се изведени декорации кои навидум се крстови. Рамката е со кафеава боја.



**56. Штит**

**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Св. Димитриј“

**Датација:** Втората половина на XIV век;

**Опис:** Бадемовиден штит кај кого се гледа внатрешната страна. Таа е со бела боја. Рамката е со кафеава боја и е декорирана со геометриски мотиви, имено ромови кои содржат црта во внатрешноста и стрелки.



**57. Штит**



**Воин:** Св. Теодор Стратилат

**Црква:** „Св. Димитриј"

**Датација:** Втората половина на XIV век;

**Опис:** Бадемовиден штит кај кого се гледа внатрешната страна. Со кожени ремчиња е прицврстен за левото рамо на светителот. Под рамката, кривината на горниот дел од штитот ја прати поле со бела боја чија граница е линија со наизменични полукружни изданоци и лакови со блага заобленост. Остатокот на штитот го исполнува поле бледокафеава на кое е претставен цвет. Рамката на штитот е златна и е украсена со геометриски мотиви, имено кругови и стрелки. Тие се наоѓаат во централно поле кое се движи долж рамката кое е одделено со по една линија горе и долу.

**58. Штит**



**Воин:** Св. Прокопиј

**Црква:** „Св. Димитриј"

**Датација:** Втората половина на XIV век;

**Опис:** Бадемовиден штит кај кого се гледа внатрешната страна. Со кожени ремчиња е прицврстен за десното рамо на светителот. Под рамката, кривината на горниот дел од штитот ја следи поле со боја на кожа чија граница е линија со наизменични полукружни изданоци и лакови со блага заобленост. Остатокот на штитот е со бледокафеава боја.

Рамката на штитот е златна и е декорирана со фитоморфни мотиви изведени во црна боја.

**59. Штит**



**Воин:** Св. Теодор Стратилат

**Црква:** „Успение на Пресвета Богородица“ - Велестово

**Датација:** 1450/51 г.

**Опис:** Бадемовиден штит кај кого се гледа внатрешната страна. Со кожени ремчиња е прицврстен за левото рамо на светителот. Штитот е со бела боја. Со златна боја се изведени концентрични елипси, со тоа што помеѓу првите две елипси просторот е поголем и е исполнет со стилизирана орнаментика. Рамката на штитот е сочинета од квадратни кожени плочки кои на својот врв имаат брадавичест изданок, а на својот заден дел – перфорација. Меѓу ваквите плочки има метални граничници.

**60. Штит**



**Воин:** Св. Прокопиј

**Црква:** „Успение на Пресвета Богородица“ - Велестово

**Датација:** 1444 г.

**Опис:** Бадемовиден штит кај кого се гледа внатрешната страна. Има кожена рачка. Штитот е со бела боја. Во средиштето на штитот со темносива боја се изведени три концентрични кружници со тоа што надворешната има шилести изданоци. Рамката на штитот е изведена од метални квадратни плочки чии краеви имаат заоблени ќошеви, а меѓу нив има метални граничници.

**61. Штит**

**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Успение на Пресвета Богородица“ - Велестово

**Датација:** 1444 г.



**Опис:** Бадемовиден штит кај кого се гледа внатрешната страна. Штитот е со бела боја. Декорацијата на штитот е изведена во 3 концентрични полиња со тоа што првата и третата имаат стилизирана геометриска орнаментика, а средишното поле е со стилизирана фитоморфна орнаментика. Рамката на штитот е изведена од кожени квадратни плочки чии краеви имаат заоблени ќошеви, а меѓу нив има кожени граничници.

**62. Штит**

**Воин:** Непознат воин

**Црква:** „Успение на Пресвета Богородица“ - Велестово

**Датација:** 1444 г.



**Опис:** Бадемовиден штит кај кого се гледа внатрешната страна. Штитот е декориран со црно-бело шаховско поле. Рамката на штитот е со кафеава боја и е декорирана со брановидна линија со јамки.

**63. Штит**

**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Сисвети“ - Лешани

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** Бадемовиден штит кај кого се гледа внатрешната страна. Рачката на штитот е метална. Штитот е декориран со светлокафеаво и бело шаховско поле. Рамката на штитот е изведена од кожени квадратни плочки чии краеви имаат заоблени ќошеви, а меѓу нив има кожени граничници.



**64. Штит**

**Воин:** Св. Прокопиј

**Црква:** „Вознесение Христово“ - Лескоец

**Датација:** 1461/62 г.

**Опис:** Бадемовиден штит кај кого се гледа внатрешната страна. Штитот е со бела боја. На штитот хералдички е претставен змеј со отворена уста. Рамката на штитот ја сочинуваат квадратни метални плочки кои сами во себе, концентрично, уште еднаш се редуплицираат.



**65. Штит**

**Воин:** Св. Теодор Тирон

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Силно конвексен триаголен штит со рамен врв. Од него виси кожено ремче. Лицето на штитот е бронзено и во него се врежани стилизирани фитоморфни мотиви. Рамката на штитот е исто така бронзена и е декорирана со фитоморфни мотиви во црна боја. Од внатрешната страна е видливо дека штитот е метален. Од оваа страна штитот е декориран со голем број ситни вдлабнатини.



**66. Штит**

**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Силно конвексен триаголен штит со рамен врв. Од него виси кожено ремче. Лицето на штитот е црвено и со бела и светлосива боја се изведени свиени линии и спирали. Рамката на штитот е златна и е декорирана со фитоморфни мотиви и букви. Од внатрешната страна е видливо дека штитот е метален. Од оваа страна штитот е декориран со голем број ситни вдлабнатини.



**67. Штит**

**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Св. Никола Болнички“

**Датација:** 1335/36 г.

**Опис:** Голем, конвексен триаголен штит со рамен врв. Лицето на штитот е бело. Рамката е со кафеава боја, а долж нејзиното средиште се протега линија од бела боја. Внатрешноста на штитот е декорирана со голем број ситни вдлабнатини.



**68. Штит**

**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Св. Никола“ - Косел

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** Конвексен триаголен штит со рамен врв. Рамката на штитот е со кафеава боја, а за појачување има и обрач од ист материјал кој вертикално се спушта долж средината на штитот. Во средината на овој обрач стои умбото кое е изведено во вид на розета. Лицето на штитот е бело. Со темносива боја се редуплицирани силуетите на рамката, обрачот и умбото. Покрај тоа, со иста боја на лицето се изведени и спирали.



**69. Штит**

**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Св. Никола“ - Косел

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** Сличен на претходниот, освен што декорациите на лицето се извиени линии наместо спирали.



**70. Штит**

**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Св. Атанасиј“ - Калишта

**Датација:** Седумдесеттите години на XIV век;

**Опис:** Триаголен штит со рамен врв кој на својот горен дел има полукружен засек. Лицето на штитот е метален и на целата површина се врежани големи фитоморфни мотиви. Рамката на штитот е кафеава и е декорирана со голем број тенки, закосени линии.



**71. Штит**

**Воин:** Вториот непознат воин од наосот

**Црква:** „Св. Архангел Михаил“ - Радожда

**Датација:** XIV век;

**Опис:** Оштетена претстава. Видлив е само горниот агол на штитот. Според тоа што е видливо, се работи за триаголен штит со рамен врв.



**72. Штит**

**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Св. Димитриј“

**Датација:** Втората половина на XIV век;

**Опис:** Триаголен штит со зашилен врв. Лицето и внатрешноста на штитот се со боја на кожа. На лицето на штитот го обрабува рамна линија со кафеава боја, а потоа, накај средиштето, и линија која на места има полукружни изданоци. Ваква линија има и од внатрешната страна на штитот. Рамката на штитот е златна и е украсена со геометриски мотиви, имено кругови и стрелки.



**73. Штит**

**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Св. Атанасиј“ - Калишта

**Датација:** Седумдесеттите години на XIV век;

**Опис:** Триаголен штит со зашилен врв. Лицето на штитот е метален и на целата површина се врежани големи фироморфни мотиви. Рамката на штитот е кафеава и е декорирана со голем број тенки, закосени линии.



**74. Штит**

**Воин:** Св. Теодор Стратилат

**Црква:** „Св. Никола“ - Косел

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** Триаголен штит со зашилен врв. Рамката на штитот е со кафеава боја, а за појачување има и обрач од ист материјал кој вертикално се спушта долж средината на штитот. Долж овој обрач, при врвот на штитот, стои и крстовидно појачување. Лицето на штитот е бело. Со темносива боја се редуплицирани силуетите на рамката, обрачот и умбото. Покрај тоа, со иста боја на лицето се изведени и спирали.



**75. Штит**



**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Успение на Пресвета Богородица“ - Велестово

**Датација:** 1444 г.

**Опис:** Триаголен штит со зашилен врв кој со кожени ремчиња е прицврстен за левото рамо на светителот. Лицето на штитот е со бела боја и е украсено со едноставни светлосиви хоризонтални линии. Рамката е кожена и на своето средиште има поле кое се движи долж целата рамка кое е исполнето со геометриски декорации. Во средината на штитот се гледа хоризонтална црвена линија. Од внатрешната страна видливо е дека штитот е метален.

**76. Штит**



**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Сисвети“ - Лешани

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** Триаголен штит со зашилен врв. Рамката на штитот е изведена од квадратни метални ламели. Има метално крстовидно појачување, т.е., еден вертикален и еден хоризонтален обрач. Сите краци на крстот се изработени од исти ламели како и рамката, освен горниот кој е од едно парче. На местото каде што се вкрстуваат обрачите, на средиштето од штитот стои умбо кое е во вид на човечко лице. Од умбото нагоре и надолу се поставени и декоративни метални плочи кои се со растителен облик. Лицето на штитот е од кожа и со врежување се претставени големи фитоморфни мотиви.

**77. Меч и канија**



**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Меч кој е во својата канија. Мечот има златна накрсница, чии краеви се благо свиени нагоре и која меѓу неа и сечилото има парче кожа. Јаболкото, исто така, е златно и дисковидно. Дршката е благо задебелена и е со сива боја и е украсена со дијагонална линија која ја обвива дршката. Во полињата кои се создаваат на тој начин стојат геометриски орнаменти, имено кругови и стрелки. Канијата е кожена и на својот крај има златна обвивка. За светителот канијата е прицврстена со кожено ремче со светлокафеава боја и бисерна декорација.



**78. Меч и канија**



**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Меч кој е во својата канија. Накрсницата, дршката и јаболкото се челични. Краевите на накрсницата се благо свиени нагоре. Накрсницата е дополнително појачана со полукружно метално парче. Дршката е благо задебелена и е украсена со две паралелни, црвени линии кои се движат хоризонтално и неколку кратки и хоризонтални црвен цртички. Јаболкото е со дисковиден облик. Канијата е кожена и на својот крај има метална обвивка. За светителот е врзана со кожен ремен.



**79. Меч и канија**

**Воин:** Св. Теодор Тирон

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.



**Опис:** Меч кој е во својата канија. Накрсницата, дршката и јаболкото се челични. Краевите на накрсницата се благо свиени. Дршката е благо задебелена и е украсена со две паралелни, црвени линии кои се движат хоризонтално, а над нив има и црвен квадрат. Јаболкото е со дисковиден облик. Канијата е кожена и на својот крај има метална обвивка. За светителот е врзана со кожена врвка.



**80. Меч и канија**

**Воин:** Св. Теодор Стратилат

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.



**Опис:** Меч кој е во својата канија. Накрсницата и јаболкото се челични. Краевите на накрсницата се благо свиени нагоре и меѓу неа и сечилото има парче кожа. Јаболкото е дисковидно. Канијата е кожена и на крајот има метална обвивка. Долж целата канија е намотан светлокафеавиот кожен ремен со кој канијата би се врзала околу половината.

**81. Меч и канија**

**Воин:** Св. Прокопиј

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Меч кој е во својата канија. Накрсницата и јаболкото се челични. Краевите на накрсницата се благо свиени нагоре и меѓу неа и сечилото има парче кожа. Јаболкото е дисковидно. Канијата е кожена и на крајот има метална обвивка. Околу канијата е замотан кожниот ремен со кој канијата би се врзала околу половината.



**82. Меч и канија**

**Воин:** Св. Нестор

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Меч кој е изваден од канијата. Има сечило со две острици и длабока бразда во која има натпис. Накрсницата и јаболкото се челични. Краевите на накрсницата се благо свиени нагоре и меѓу неа и сечилото има парче кожа. Од јаболкото виси мала кожена врвка. Канијата е кожена и на крајот има метална обвивка. Околу канијата е замотан светлокафеавиот кожен ремен со кој канијата би се врзала околу половината.





**83. Меч и канија**

**Воин:** Св. Александар

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Меч кој е во својата канија. Накрсницата, дршката и јаболкото се челични. Видливиот крај на накрсницата е остро свиен надолу накај јаболкото. Дршката е благо задебелена. Јаболкото е дисковидно. Канијата е кожена и на својот крај има метална обвивка. За светителот е врзана со кожена врвка.





**84. Меч и канија**

**Воин:** Св. Теодор Тирон

**Црква:** „Св. Никола Болнички“

**Датација:** 1335/36 г.

**Опис:** Делумно оштетена претстава. Меч кој е во својата канија. Дршката и јаболкото се челични. Јаболкото е со трилистен облик. Канијата е кожена.



**85. Меч и канија**

**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Св. Никола Болнички“

**Датација:** 1335/36 г.

**Опис:** Оштетена претстава. Меч кој е во својата канија. Накрсницата е челична. Канијата е кожена.



**86. Меч и канија**

**Воин:** Св. Теодор Тирон

**Црква:** „Св. Атанасиј“ - Калишта

**Датација:** Седумдесеттите години на XIV век;

**Опис:** Меч кој е во својата канија. Накрсницата и јаболкото се челични. Дршката е цилиндрична и е покриена со кожа. Краевите на накрсницата се благо свиени нагоре и меѓу неа и сечилото има парче кожа. Јаболкото е дисковидно. Канијата е кожена.



**87. Меч**

**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Св. Атанасиј“ - Калишта

**Датација:** Седумдесеттите години на XIV век;

**Опис:** Меч кој е во својата канија. Видливи се само накрсницата и дршката кои се челични. Накрсницата е рамна, а дршката е благо задебелена. Канијата за светителот е врзана со кожен ремен.



**88. Меч**

**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Св. Димитриј“

**Датација:** Втората половина на XIV век;

**Опис:** Меч кој е во својата канија. Накрсницата, дршката и јаболкото се челични. Краевите на накрсницата се благо свиени нагоре. Дршката е благо задебелена. Јаболкото е дисковидно со брадавичесто испакнување на својот крај. Канијата за светителот е врзана со кожен ремен.



**89. Меч**

**Воин:** Св. Теодор Тирон

**Црква:** „Св. Димитриј“

**Датација:** Втората половина на XIV век;

**Опис:** Меч кој е во својата канија. Накрсницата е челична и нејзините краеви се благо свиени нагоре. Дршката и јаболкото се златни. Рачката е тордирана и цилиндрична. Јаболкото е со сферичен облик и на својот крај има изданок во вид на скалеста пирамида. На јаболкото со црвена боја е изведен крст. Канијата за светителот е прицврстена со врвка која има светла боја.



**90. Меч и канија**

**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Св. Димитриј“

**Датација:** Втората половина на XIV век;

**Опис:** Меч кој е во својата канија. Накрсницата и јаболкото се златни. Краевите на накрсницата се свиени нагоре накај сечилото. Дршката е кожена и со цилиндричен облик и е декорирана со тордирана златена лента долж дршката. Јаболкото е дисковидно и на него со црвена боја е изведен крст. На својот крај јаболкото има брадавичест изданок. Канијата е кожена и има два златни обрача кои ја појачуваат. На крајот таа има метална обвивка. Околу канијата е замотана врвката со која канијата би се врзала околу половината.



**91. Меч**

**Воин:** Св. Прокопиј

**Црква:** „Св. Димитриј“

**Датација:** Втората половина на XIV век;

**Опис:** Видливи се само накрсницата и дел од јаболкото. И обете се челични. Краевите на накрсницата се благо свиени нагоре.



**92. Меч**

**Воин:** Св. Теодор Стратилат

**Црква:** „Св. Никола“ - Косел

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** Меч кој е извaден од својата канија. Има длабока бразда којашто се протега до врвот на мечот. Накрсницата, дршката и јаболкото се потполно избледени, додека, пак, канија воопшто нема.



**93. Меч**

**Воин:** Св. Теодор Тирон

**Црква:** „Св. Никола“ - Косел

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** Идентичен како претходниот.



**94. Меч**

**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Св. Никола“ - Косел

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** Идентичен како претходниот.



**95. Меч**

**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Св. Никола“ - Косел

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** Идентичен како претходниот.



**96. Канија**

**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Сисвети“ - Лешани

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** Видлива е само канијата. Таа е кожена и на средината е појачана со хоризонтална металена лента. На својот крај канијата има метална обвивка. Околу неа е замотана врвка со светла боја.



**97. Меч**

**Воин:** Св. Прокопиј

**Црква:** „Успение на Пресвета Богородица“ - Велестово

**Датација:** 1444 г.

**Опис:** : Меч кој е изваден од својата canија. Сечилото е долго со длабока бразда која се движи низ целата зачувана должина. Накрсницата и јаболкото се челични. Краевите на накрсницата. се благо свиени нагоре. Јаболкото е дисковидно. Дршката е благо задебелена и е покриена со кожа.



**98. Меч**

**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Успение на Пресвета Богородица“ - Велестово

**Датација:** 1444 г.

**Опис:** Меч кој е изваден од својата канија. Сечилото е долго со длабока бразда којашто се протега до врвот на мечот. Накрсницата е доста избледена, но видливо е дека таа е рамна и челична. Дршката исто така е доста избледена, но таа е цилиндрична и прекриена со кожа. Јаболкото е целосно избледено.



**99. Сабја и канија**

**Воин:** Св. Меркуриј

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.





**Опис:** Сабја којашто е извлечена од својата канија. Сечилото е со една острица и бразда која се протега до три четвртини од сечилото. Накрсницата е челична и нејзините краеви се благо свиени нагоре. Накрсницата е додатно појачана со триаголно метално парче. Канијата е кожена и на две места е појачана со по два мали метални обрачи. Долж целата канија е намотан светлокафеавиот кожен ремен со кој канијата би се врзала околу половината.



**100. Сабја**

**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Вознесение Христово“ - Лескоец

**Датација:** 1461/62 г.

**Опис:** Сабја којашто е извлечена од својата канија. Сечилото е со една острица и тенка бразда којашто се протега до три четвртини од сечилото. Јаболкото на сабјата е челично и печурковидно.

**101. Копје**



**Воин:** Св. Димитриј

**Црква: „**Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Копје со едноставен дрвен носач и метална глава. Врвот на копјето е со листовиден облик, а меѓу тулецот и врвот има сферично испакнување.

**102. Копје**



**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Идентично како претходното.

**103. Копје**



**Воин:** Св. Теодор Тирон

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Идентично како претходното.

**104. Копје**



**Воин:** Св. Теодор Стратилат

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Идентично како претходното.

**105. Копје**



**Воин:** Св. Прокопиј

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Идентично како претходното.

**106. Копје**



**Воин:** Св. Александар

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Идентично како претходното.

**107. Копје**



**Воин:** Св. Теодор Тирон

**Црква:** „Св. Никола Болнички“

**Датација:** 1335/36 г.

**Опис:** Делумно оштетена претстава. Копје со едноставен дрвен носач и метална глава. Врвот на копјето е со листовиден облик.

**108. Копје**

**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Св. Никола Болнички“

**Датација:** 1335/36 г.

**Опис:** Идентично како претходното.



**109. Копје**

**Воин:** Св. Теодор Стратилат

**Црква:** „Св. Димитриј“

**Датација:** Втората половина на XIV век;

**Опис:** Копје со дрвен носач и метална глава. Носачот има темна боја, а низ неговото средиште вертикално има бела линија. Врвот на копјето е со делтоиден облик, а меѓу тулецот и врвот има сферично испакнување.



**110. Копје**

**Воин:** Св. Теодор Тирон

**Црква:** „Св. Димитриј“

**Датација:** Втората половина на XIV век;

**Опис:** Идентично како претходното.



**111. Копје**

**Воин:** Св. Прокопиј

**Црква:** „Св. Димитриј“

**Датација:** Втората половина на XIV век;

**Опис:** Идентично како претходното.



**112. Копје**



**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Св. Димитриј“

**Датација:** Втората половина на XIV век;

**Опис:** Идентично како претходното.

**113. Копје**



**Воин:** Св. Теодор Тирон

**Црква:** „Св. Никола“ - Косел

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис: :** Копје со едноставен дрвен носач и метална глава. Врвот на копјето е со делтоиден облик, а меѓу тулецот и врвот има сферично испакнување.

**114. Копје**



**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Св. Никола“ - Косел

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** Идентично како претходното.

**115. Копје**



**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Св. Никола“ - Косел

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** Оштетена претстава. Копје со носач од трска и метална глава. Од главата е зачуван само тулецот

**116. Копје**



**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Успение на Пресвета Богородица“ - Велестово

**Датација:** 1444 г.

**Опис:** Копје со едноставен дрвен носач и метална глава. Врвот на копјето е со делтоиден облик, а меѓу тулецот и врвот има сферично испакнување.

**117. Копје**



**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Сисвети“ - Лешани

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** : Копје со едноставен дрвен носач и метална глава. Врвот на копјето е со листовиден облик.

**118. Копје**



**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Сисвети“ - Лешани

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** : Копје со едноставен дрвен носач и метална глава. Врвот на копјето е со делтоиден облик, а меѓу тулецот и врвот има сферично испакнување.

**119. Копје**

**Воин:** Св, Прокопиј

**Црква:** „Вознесение Христово“ - Лескоец

**Датација:** 1461/62 г.

**Опис:** Идентично како претходното.



**120. Копје**

**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Вознесение Христово“ - Лескоец

**Датација:** 1461/62 г.

**Опис:** Идентично како претходното.



**121. Копје**

**Воин: Св.** Ѓорѓи

**Црква:** „Вознесение Христово“ - Лескоец

**Датација:** 1461/62 г.

**Опис:** Идентично како претходното.





**122. Боздоган**

**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Боздоган-шесетопер кој е сочинет од долга дрвена дршка и метална глава. Главата има шест ребра. На долниот крај на дршката мало парче текстил или кожа е врзано со црвена врвка која на своите краеви има мали топченца.

**123. Боздоган**



**Воин:** Св. Меркуриј

**Црква:** „Успение на Пресвета Богородица“ - Велестово

**Датација:** 1444 г.

**Опис:** Боздоган-шестопер кој има пократка метална дршка и метална глава. Главата има шест ребра. Главата на центарот на својот врв има изданок кој завршува топчесто.

**124. Боздоган**

**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Сисвети“ - Лешани

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** Оштетена претстава. Боздоган од кого е видлива само дршката. Таа е долга и метална.



## Лакови

**125. Лак**

**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Рефлексен лак кој е изработен од дрво. Тој со тетивата виси од левото рамо на светителот. Тетивата е изработена од исплетен материјал. Краевите на лакот, каде што се врзува тетивата се појачани со метал.





**126. Лак**

**Воин:** Св. Димитриј

**Црква:** „Св. Димитриј“

**Датација:** Втората половина на XIV век;

**Опис:** Дрвен рефлексен лак. Видливиот крај на лакот е значително извиен во правецот на истрелување. Лакот е сместен во кожена футрола која со кожени ремчиња е прицврстена за половината на светителот.



**127. Лак**

**Воин:** Св. Теодор Стратилат

**Црква:** „Успение на Пресвета Богородица“ - Велестово

**Датација:** 1450/51 г.

**Опис:** Рефлексен лак кој е изработен од рог. Видлив му е само горниот дел.



**128. Лак**

**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Сисвети“ - Лешани

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** Рефлексен лак кој е изработен од рог. Лакот е сместен во своја футрола која со кожено ремче со бисерна опшивка е прицврстена за половината на светителот.



**129. Лак**



**Воин:** Св. Меркуриј

**Црква: „**Вознесение Христово“ - Лескоец

**Датација:** 1461/62 г.

**Опис:** Мал рефлексен лак кој е изработен од рог. Виси нанапред од рамото на светителот.

**130. Лак**



**Воин:** Св. Прокопиј

**Црква: „**Вознесение Христово“ - Лескоец

**Датација:** 1461/62 г.

**Опис:** Мал рефлексен лак кој е изработен од дрво.

**131. Лак**

**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Вознесение Христово“ - Лескоец

**Датација:** 1461/62 г.

**Опис:** Мал лак кој е изработен од рог.



**132. Стрели и тоболец**

**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Св. Богородица Перивлепта“

**Датација:** 1294/95 г.

**Опис:** Тоболецот е кожен и со спласнат облик. Стрелите во тоболецот се ставени, така што им се гледаат перките. Самите перки се бели и за стрелите се прицврстени со црвенкаста кожа. На својот заден крај стрелите имаат полукружна вдлабнатина која служи за полесно позиционирање за нивното затегнување. Во тоболецот има девет стрели.



**133. Стрели и тоболец**



**Воин:** Св. Ѓорѓи

**Црква:** „Сисвети“ - Лешани

**Датација:** Средината на XV век;

**Опис:** Тоболецот е кожен и цилиндричен во облик. Стрелите во тоболецот се ставени, така што им се гледаат црцоците. Врвовите се железни и имаат форма на делтоид. Во тоболецот има шест стрели.

**134. Стрела**



**Воин:** Св. Меркуриј

**Црква:** „Вознесение Христово“ - Лескоец

**Датација:** 1461/62 г.

**Опис:** Стрела којашто светителот ја држи пред себе со перките свртени нагоре. Поради оштетување, врвот не е видлив.

**Библиографија**


• Антољак, С, “Охридската Архиепископија во време на владеењето на царовите Самоил и Василиј II”, во *Историја бр. 4*, Скопје, 1970, 35-48

• Атанасовски, А, “Охридската Архиепископија во XIV век”, во *Годишен зборник на Филозофски факултет бр.56*, Скопје, 2003, 31-44

• Баранов В. Г, “Болгаро-византийское навершие рукояти сабли с территории Северо-Восточного Причерноморья”, во *Материалы по археологии и истории античного и средневекового Крыма. Вып. 6*, Симферополь-Тюмень, 2014, 84-92

• Белчовски, Ј, “Охридската Архиепископија од основањето до паѓањето на Македонија под турска власт”, Скопје, 1997

• Благојевић “Србија у Доба Немањића”, Београд, 1989

• Војводић Д, “Укрштена дијадима и “торакион”. Две древне и неуобичајене инсигније српских владара у XIV и XV веку”, *Трећа југословенска конференција византолога*, Крушевац, 2002, 249-276

• Грозданов Ц, “Охридско ѕидно сликарство XIV век”, Скопје, 2016

• Грозданов Ц, “Богородица Перивлепта (Свети Климент) во Охрид”, Скопје, 2018

• Грозданов Ц, “Живописот на Охридската Архиепископија XI-XVII век”, Скопје 2020

• Димитрова Е, Коруновски С, “Византиска Македонија”, Скопје, 2006

• Димитрова Е, Коруновски С, Грандаковска С, “Средновековна Македонија. Култура и уметност”, во *Македонија, милениумски културно-историски факти*, Скопје, 2013, 3-278

• Ѓорѓиевски Д, “Идентификација на светите воини во манастирот Матејче”, во *Патримониум III*, Скопје, 2010

• Ѓорѓиевски Д, “Средновековна дефанзивна облека - прилог кон проучувањето” во *Патримониум VI*, Скопје, 2013

• Жура Г, “Пештерски цркви. Охридско крајбрежје”, Скопје, 2013

• Ковачев К, “Облеклото на Остоя Раякович: няколко думи за ктиторския портрет от охридския храм „Св. Богородица Перивлепта“”, во *Облеклото и езикът,* София, 2020

• Ковачевић Ј, “Средњовековна ношња балканских Словена: Студија из историје средњовековне културе Балкана”*,* Београд, 1953

• Коруновски С, “Црковната архитектура во Македонија во XIII век”, Скопје, 2000

• Кораћ В, “Архитектура цркве Вознесења у Лесковецу”, во *Старинар II*, Београд, 1951

• Манева Е, “Кој бил носител на боздоганот шестопер од Водоча?”, во *Годишен зборник на Филозофскиот факултет 61*, Скопје, 2008, 349–362.

• Маврикиј, “Стратегикон”, превод на Dennis T. G, “Maurice’s Strategicon. Handbook of Byzantine Military Strategy”, Philadelphia, 1989

• Микулчиќ И, “Средновековни градови и тврдини во Македонија”, Скопје, 1996

• Михаљић Р, “Крај Српског Царства”, Београд, 1989

• Панов Б, “Охрид и охридската област од средината на X до крајот на XII век” во *Годишен зборник на Филозофски факултет бр.36,* Скопје, 1983, 65-110

• Панов Б, “Охрид и охридската област во XIII-XIV век” во *Годишен зборник на Филозофски факултет бр.37,* Скопје, 1984, 19-49

• Петров О, “Градот-тврдина Просек и неговиот ареал во Средниот век”, Скопје, 2021

• Петровски Б, “Историја на Балканските Земји во XIV-XV век”, Скопје, 2010

• Снѣгаровъ И, “История на Охридската Архиепископия. Първи томъ”, София, 1924

• Снегаров И, “История на Охридската Архиепископия-Патриаршия. Том 2”, София, 1995

• Суботић Г, “Охридска Сликарска Школа XV века”, Београд, 1980

• Серафимова А, “Фрескоживописот во црквата Св. Димитриј во Охрид во контекст на градското сликарство од втората половина на XIV век”, во *Зборник. Средновековна уметност бр. 6,* Скопје, 2007, 63-107

• Тричковска Ј, “Архангел Михаил во Радожда”, во *Македонско културно наследство. Христијански споменици,* Скопје, 2008

• Филипова С, “Студии за хералдиката во Македонија”, Скопје, 2015

• Филипоски Т, “Охрид во раниот среден век (од V до XI век)”, Скопје, 2009

• Филипоски Т, “Охридската Епископија во IX век”, во *Годишен зборник на Филозофски факултет бр.64,* Скопје, 2011, 257-276

• Чипан Б. “Света Софија. Катедрален храм на Охридската Архиепископија”, Скопје, 1996

• Шкриванић Г, “Оружје у средњовековној Србији, Босни и Дубровнику”, Београд, 1957

• Aleksić M, “Mediaeval Swords from Southeastern Europe”, Belgrade, 2007

• Bartusis C. M, “The Late Byzantine Army”, Philadelphia, 1992

• Bugarski I, “A contribution to the study of lamellar armours”, in *Starinar LV,* Beograd, 2006, 161-179

• Dawson T, McBride A, “Byzantine infantryman. Eastern Roman Empire c. 900-1204”, Oxford, 2007

• Dimitrova E, “The Church of the Virgin Peribleptos”, in *Seven Churches in Ohrid*, Skopje, 2022, 57-75

• Filiposki T, “Theophylact and the People of Ohrid: the Issue of the “Otherness””, in *Macedonian Historical Review 2*, 2011, 87-102

• Grotowski L. P, “Arms and Armour of the Warrior Saints”, Boston, 2010

• Haldon F. J, “Some Aspects of Byzantine Military Technology from the Sixth to the Tenth Centuries”, in *Byzantine and Modern Greek Studies, Volume 1, Issue 1,* Birmingham, 1975, 11-47

• Kolias G. T, “Byzantinische Waffen”

• Luttwak E, “The Grand Strategy of the Byzantine Empire”, London, 2009

• Nicolle D, “Arms and Armour of the Crusading Era, 1050-1350”, London, 1999

• Oakeshott E, “The Archaeology of Weapons”, Woodbridge, 1994

• Oakeshott E, “The Sword in the Age of Chivalry”, Woodbridge, 1997

• Pandžak Pineva I, “Two Churches from the Bolničko Area in Ohrid” in *Seven Churches in Ohrid*, Skopje, 2022, 95-113

• Parani M, “Reconstructing the Reality of Images”, Boston, 2003

• Petrov O, Manojlović R, Trpčevska J, “Mail from Treskavec: Contribution to the Study of Medieval Mail Armour”, in *Folia Archaeologica Balkanica III,* Скопје, 2015, 569-590

• Popović M, “Tvrđava Ras”, Beograd, 1999

• Treadgold W, “Byzantium and Its Army”, Stanford, 1995

• Μουτσόπουλος Ν, “Ανασκαφὴ βασιλικῆς Ἁγιου Ἀχιλλείου Μικράς Πρέσπας”, στο *ΠΑΕ*, 1967, 55-82